- Да се овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- Да се развијат едукациски програми врзани со примената на Универзалниот дизајн;
- Да се обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- Да се обезбеди примена на современите технологии;
- Да се воспостав и систем на помош при решавањето на станбеното прашање за лицата со инвалидност.

5.4 Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).

(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Прилози кон текстуален дел

1. Податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни услуги

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
54366

Статус:
Кај општини/институции

Наслов

Изградба на атмосферска канализација на ул.Македонска и Илинденска и фекална канализација на ул.Македонска/Македонска Каменица

Датум на креирање

01.08.2023

Иницијатор

Астрекс

Надлежен орган

/

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
ЈП Камена Река	01.08.2023	/		☑
ДЗС Делчево	01.08.2023	18.08.2023		☑
ЈП Македонски Железници Инфраструктура	01.08.2023	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА	01.08.2023	/		☑
Министерство за земјоделие, шумарство и водостопансво	01.08.2023	07.08.2023		☑
Министерство за Внатрешни работи	01.08.2023	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	01.08.2023	/		☑
Управа за заштита на културно наследство	01.08.2023	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА	01.08.2023	/		☑
АД ГАМА	01.08.2023	/		☑

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 1 - 10 од 19 ставки

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
Македонски енергетски ресурси	01.08.2023	/		☑
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО	01.08.2023	01.08.2023		☑
Агенција за електронски комуникации	01.08.2023	/		☑
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје	01.08.2023	/		☑
Македонски Телеком АД-Скопје	01.08.2023	05.08.2023		☑
Јавно претпријатие за државни патишта	01.08.2023	09.08.2023		☑
ЕЛЕМ	01.08.2023	/		☑
МЕПСО АД Скопје	01.08.2023	/		☑
ЕВН_издавање_податоци_и_мислења_планови	01.08.2023	11.08.2023		☑

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 11 - 19 од 19 ставки

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **АСТРЕКС СКОПЈЕ**

бр. 12-8/1070

Скопје, 01.08.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. У-1101 од 01.08.2023 година
e-urbanizam, постапка бр. 54366

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Изградба на атмосферска канализација на ул.Македонска и Илинденска и фекална канализација на ул.Македонска/Македонска Каменица

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=168951, title=vozduhoploven inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2023.08.01 13:34:12 +02'00'

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение за заштита и спасување - Делчево

Архивски број::09-65/2
18.08..2023 год.
ДО Астрекс
СКОПЈЕ
ПРЕДМЕТ:Податоци и информации ,доставува.-

ВРСКА :Ваш акт по е-урбанизам бр.У-1101 од 01.08.2023 година.

Во врска со Вашиот акт а со цел изработка на проектна документација за изградба на атмосверска канализација на ул.Илинденска и атмосверска и фекална канализација на улица Македонска во Македонска Каменица ,Ве известуваме дека:Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), Дирекцијата за заштита и спасување на предметниот плански опфат, **нема планирано свои објекти и инсталации,поради што од наша страна нема пречки во условите за планирање на просторот** .Во комплексот на мерки од превентивен карактер проектантот задолжително треба да ги вгради мерките за заштита и спасување,согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување,при планирање и уредување на просторот и населбите,во проектите и изградба на објектите("Сл.весник на РМ" бр.105/05).

Согласно член 50,53 и 54 од Законот за заштита и спасување("Сл.весник на РМ" бр. 36/2004,49/2004,86/2008,124/10, 18/11, 41/14, 129/15 , 106/16 и 83/18 и 215/21), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирање и уредување на просторот и населбите,во проектите и при изградба на објекти и инфраструктура.

Доставено до:
-Насловот
-Архива

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА
И СПАСУВАЊЕ ДЕЛЧЕВО
Овластено лице
Сузанка Вѣлковскка

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Делчево

бул. „Македонија“ бб
2320 Делчево
Република Северна Македонија

Тел.033 411 428
e-mail: Delcevo@dzs.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-25/6-275 од 11-08-2023
Скопје

Одговорно лице:Миле Сарески

Контакт телефон: 072-931-116

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од 01.08.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје 5 за Изградба на атмосферска канализација на ул.Македонска и Илинденска и фекална канализација на ул.Македонска/Македонска Каменица.Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа
☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани постојни и новопланирани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во даденият опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација


Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Mile Sareski
Digitally signed by Mile Sareski
Date: 2023.08.11 10:14:14 +02'00'



ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"Камена Река"
Бр. 03-2671
18.08.2023 год.
М.Каменица

До Астрекс ДОО - Скопје

Предмет: **Хидротехнички услови за изработка на техничка документација**


на ниво на Основен проект за атмосферска канализација

за ул.Илинденска во Македонска Каменица

За новопредвидената атмосферска канализација за ул.Илинденска во Македонска Каменица потребно е да се изготви техничка документација на ниво на Основен проект,според проектната задача доставена од Општина Македонска Каменица. Како можни места за приклучок на новопредвидената атмосферска канализација за ул.Македонска да се користат постоечките отворени атмосферска канали. Истите се означени во ситуација која е прилог на овие хидротехнички услови.Трасата да биде по десната страна на улицата. Напоменуваме дека по улица Илинденска постојат сервисни приклучоци за водовод и канализација за постоечките објекти. Главната водоводна линија е во тротоарот од десната страна на улицата и кај куќен број 8 ,поминува на левата страна на улицата кон куќен број 13.

Директор,

Јавно Претпријатие КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица



СИТУАЦИЈА 1: 2000

Бр/Nr. 10-7393/2
09 -08- 2023
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО АСТРЕКС дооел
ул.Даме Груев бр.5/III/4
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број У-1101 од 01.08.2023год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. „Илинденска“ и атмосферска и фекална канализација на ул.„Македонска“ во Македонска Каменица, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-7393/1 од 03.08.2023 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека низ предметниот проектен опфат не поминува државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Заменик Директор
Благојче Трпевски

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

АСТРЕКС

ул. Даме Груев 5-3/4

Скопје

Бр.11-4730/1

08.08.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.У-1101 од 01.08.2023 год., предмет креиран на е-урбанизам на 01.08.2023 година со број на постапка 54366 (наш број 11-4730 од 04.08.2023 година) за податоци и информации потребни за изработка на Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. "Илинденска" и атмосферска и фекална канализација на ул. "Македонска" во Македонска Каменица, Ве известуваме дека предметниот планскиот опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2023.08.09 21:56:32 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 40-7405/2
07.08.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

54366

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

07.08. 2023

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 - 7405 / 2

ДО: АСТРЕКС Скопје
Даме Груев 5 / III / 4, 1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Барање за дополнување

Почитувани,

За да Ви одговориме на Вашето Барање за податоци и информации со Ваш Бр.У-1101 од 01.08.2023 година, потребно е истото да го дополните со следната документација:

- Список на катастарските парцели кои што се предмет на пренамена од земјоделско во градежно земјиште (КП кои се во планскиот опфат);

- Имотни листови за катастарските парцели (земјоделско земјиште) кои влегуваат во планскиот опфат.

Со почит,

Помошник раководител на Сектор
Аднан Алиу

Изработил: Борче Лозановски
Контролира: Момчило Петровски

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 54366
Дата: 04.08.2023

До
АСТРЕКС – СКОПЈЕ
Ул.Даме Груев бр.5/3/4 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Изградба на атмосферска канализација на ул.Македонска и Илинденска и фекална канализација на ул.Македонска - Македонска Каменица, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,


Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за DEVOPS активности
на оптика и мрежи од следна генерација

Дејан Влаховиќ

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2023.08.05 08:45:43 +02'00'


Ulica Makedonska
Ulica Ilindenska
Ulica Ilindenska
Ulica Ilindenska
Ulica Ilindenska
Ulica Ilindenska
Ulica Ilindenska
Ulica Ilindenska
4441/1
4442/2
4440/3
4440/5
4440/4
4442/1
4440/2
4440/1
4439
4437
4435/3
4435/4
4435/1
4515
4516/1
4528
4527
4526
4525
4523
4522
4521
4651
4658/1
4658/2
4660
4696
4683
4684
4835
4686
4688
4689
4687
4690/1
4690/2
4691
4705
4707
4709
4710
4703
4701
4699
4640/2
4640/1
4641
4639
4637
4636
4538
4537
4539
4540
4541
4542
4543
4544
4545
4546
4547
4548
4549
4550
4551
4552
4553
4554
4555
4556
4557
4558
4559
4560
4561
4562
4563
4564
4565
4566
4567
4634
4635
4615
4616
4617
4618
4619
4620
4630
4631
4632
4633
4629
4621
4622
4628
4627
4626
4625
4624
4623
4724
4723
4725
4726
4727
4728
4719
4718
4717
4716
4711/1
4711/2
4702/1
4702/2
4712
4713
4714
4715
4720
4721
4722
4729
4730
4731
4532
4533
4534
4535
4536
4650
4649
4648
4647
4646
4645
4644
4643
4642
4697

Графички дел

Република Северна Македонија

Општина Македонска Каменица
Број: 10-1108/3 од 30.05.2023
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПОСТОЕН ПЛАН
ДУП: Детален урбанистички план М.Каменица (локалитет „Пороj„-измени и дополнување)


Одлука бр.07-819/2 од 15.08.2008 година

Намена на градба:Е1 комунална инфраструктура

Ул. Илинденска и ул. Македонска бр.
КО Каменица КП бр.

ДЛ: број 20 М 1:1000

Графички приказ за ГП на КП бр.




Изготвил:

Контролирал:


Овластено лице
Александра Димоска-Ангеловска, диа

Aleksandra Dimoska Angelovska
Digitally signed by Aleksandra Dimoska Angelovska
Date: 2023.05.30 13:36:30 +02'00'




ДЕТАЛ НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА АТМОСВЕРСКИ ВОДИ

ДЕТАЛ НА ОТВОРЕН КАНАЛ



ДЕТАЛ НА КАНАЛ СО УЛИЦА



Број на парцела и објект	Површина на парцела	Мах. површина на габарит м2	Мах. корисна површина м2	Број на паркинг места	Вид на паркинг	Намена на површина	Мах. висина до венец м'	спратност
1	2	3	6	7	8	9	10	11
М1.01	558.53	188.21	564.63	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.02	435.85	201.64	604.92	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.03	408.31	167.56	502.68	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.04	490.03	269.39	808.17	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.05	362.95	125.97	377.91	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.06	425.15	202.77	608.31	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.07	363.96	/	/	/	/	/	/	/
М1.08	407.13	202.59	607.77	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.09	493.71	261.09	783.27	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.10	467.68	173.18	519.54	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.11	242.66	130.96	392.88	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.12	478.61	146.07	438.21	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.13	185.42	93.03	279.09	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.14	333.28	131.17	393.51	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.15	466.52	160.59	481.77	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.16	310.38	123.29	369.87	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.17	297.73	125.94	377.82	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.18	296.73	101.42	304.26	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.19	357.63	115.98	347.94	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.20	400.60	147.61	442.83	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.21	428.29	212.24	636.72	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.22	370.56	137.15	411.45	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.23	380.31	156.38	469.14	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.24	360.18	135.57	406.71	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.25	430.06	180.18	540.54	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.26	357.60	128.72	386.16	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.27	411.73	160.42	481.26	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.28	342.31	/	/	/	/	/	/	/
М1.29	485.06	230.39	691.17	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.30	510.01	238.54	715.62	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.31	452.76	157.59	472.77	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.32	485.91	163.80	491.40	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
М1.33	497.81	170.38	511.14	5	3(Д)+2(О)	А1	9.80	П+2
ВКУПНО	13.295.45	5.139,82	15419.46	155	/	/	/	/


А1 - СЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
ВИД НА ПАРКИРАЊЕ:
(3)Д + (2)О - ТРИ ВО ДВОР И ДВА ВО ОБЈЕКТ

- високонапонски ел. кабел 10КВ
- кабел ППОО А/Ј 4Х150 1КВ н. напонски ел. кабел
- ОПТИЧКИ ТЕЛ. КАБЕЛ


- В — В ВОДОВОДНА МРЕЖА
- К — К ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- АК — АК АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

КАТЕГОРИЗАЦИЈА И ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ


МАГИСТРАЛНА УЛИЦА "Каменичка" (по актуелен ГУП) "М-5"




СТАНБЕНА УЛИЦА ул. "Осоговска"



СТАНБЕНА УЛИЦА **ул. "Македонска"**



СТАНБЕНА УЛИЦА ул. "Илинденска"



ЛЕГЕНДА СО БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

НАМЕНА ОЗНАКА	ПОВРШИНА ка	ПРОЦЕНТ НА НАМЕНА	опис на ознака
А1	1.33	73,89	**семејно домување во станбени куќи**
Д2	0.06	3,33	**заштитно зеленило и заштитен појас**
Г5	0.39	21,67	**сообраќајници** (улици, тротоари и труп на патот)
Г5	0.02	1,11	**канал за одводнување**
вкупно:	**1.80**	**100,00**	**планскиот опфат**

ПЛАНСКИ ОПФАТ 1.80ха.
- КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ К=0.86
- ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=28,58%

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
(измена и дополнување)

ЗА ПЛАНСКИ ОПФАТ
(помеѓу дел од канал за одводнување, дел од ул. "Осоговска", дел од М-5 и граница со К.П4559,К.П.4554, К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517)

во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ПРЕДЛОГ ПЛАН 2007 - 2012

Л Е Г Е Н Д А

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П = 1,80 ха

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- гл — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1. 05 — НУМЕРАЦИЈА НА ПАРЦЕЛИ И ОБЈЕКТИ
- ТС / Г5 - ТРАФОСТАНИЦА
- РАМПИ ЗА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА
- А1 — А1 - семејно домување во станбени куќи
- Г5 — Г5 - сообраќајници (улици и тротоари)
- Д2 — Д2 - заштитно зеленило
- Г5 — Г5 - канал за одводнување
- бесправно изградени градби

ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ
Н=9.80 мах.9.80м.

- ДОГРАДБА И НАДГРАДБА
- НОВА ГРАДБА

М=1:1000
0 5 10 20м 40м 80м

УРБАНПРОЕКТ

Друштво за урбанизам, градежништво проектирање, производство, трговија и услуги

ИНВЕСТИТОР: **ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
(помеѓу дел од канал за одводнување, дел од М-5 и граница со К.П4559,К.П.4554, К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517)
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ПЛАНЕРИ:

ЈОВАНЧО КАЦАРСКИ д.и.а. / лиценца бр. 80/1
ВАЛЕНТИНА ХРИСТОВА д.и.а. / лиценца бр. 79/1
ЉУПЧО КОСТАДИНОВСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: **ЈОВАНЧО КАЦАРСКИ д.и.а**	РАЗМЕР: М = 1 : 1000
Технички број: 22/2007 Proekti/2007/Kocani/DUP.dwg	ДАТА: КОЧАНИ, ФЕВРУАРИ, 2008
	ЛИСТ БРОЈ: **7**

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА;

- **Сообраќајна инфраструктура**

Од добиената ажурирана геодетска подлога во Р=1:1000, како и од инвентаризацијата и снимање на изградената комунална инфраструктура на теренот, констатирана е следната состојба: ,

Локалитетот, предмет на овој ДУП кој се наоѓа на североисточниот дел во градот Македонска Каменица, а во склоп на " класа на намени А-Домување и тоа семејно домување во станбени куќи", а предвидени во ГУП на градот Македонска Каменица

Локалитетот на планскиот опфат кој е дел од Мак. Каменица, на источната страна граничи со магистралниот патен правег "М-5".

Од северната страна планскиот опфат граничи со "канал за одводнување. Од западната страна планскиот опфат граничи со ул. "Осоговска", која во правец север сообраќајно го поврзува локалитетот со останатиот дел од централното градско подрачје , со другите населени локалитети, а преку магистралниот патен правец (М-5), има сообраќајна комуникација на исток со Делчево, Пехчево, Берово и Република Бугарија, додека на запад со Кочани и други дестинации во Републиката и пошироко.

Улицата "Осоговска", (во постојниот планки опфат), е станбена улица, асфалтирана во широчина од 6.0м. и тротоари од 2х1.5м.

Од јужната страна локалитетот граничи со К.П.4559,К.П.4554. К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517.

Во внатрешноста на локалитетот, а во правец север-југ, поминуваат ул "Илинденска", асвалтирана со попречен профил од 5.5м., (станбена), со делумно простор за тротоари, и неасвалтирана улица "Македонска", (со променлив попречен профил од 4.0до 5.8м., исто така станбена) која во правец, север се вкрстува со ул. "М. Тито" која исто така во правец север сообраќајно го поврзува локалитетот со останатиот дел од централното градско подрачје , со другите населени локалитети, а преку магистралниот патен правец (М-5), има сообраќајна комуникација на исток со Делчево, Пехчево, Берово и Република Бугарија, додека на запад со Кочани и други дестинации во Републиката и пошироко.

Површината која ја зафаќаат постојните асвалтираните улици, тротоари и неасвалтираната улица на ниво на плански опфат изнесува 0.30ха. Процентуално изразената сообраќајна инфраструктура во локалитетот, во однос на постојниот опфат е 16,67%.

- **Комунална инфраструктура (водовод и канализација)**

- Водоснабдувањето на постојните објекти на локалитетот кој се наоѓа на североисточниот дел во градот Македонска Каменица, а кој е предмет на разработка на ДУП (измена и дополнување), се врши од Градската водоводна мрежа која на овој дел од градот е гранкаста.

По ул. ."Осоговска", има изведено водоводна мрежа со профил од Ф-100мм., од кој во непосредна близина на улицата "Илинденска" и ул. "Македонска", се грана со профил од Ф-80мм

- Одводнувањето на фекалните отпадни води од домаќинствата и другите потрошувачи е извршено со канализациона мрежа, која е изведена на ул. "Осоговска". така да сопствениците на парцелите, односно на објектите кои се на ул. "Македонска" и ул. "Илинденска", принудени се со групирање а преку градежните парцели (помеѓу ул. ."Осоговска" и ул. "Илинденска"), да ја користат канализационата мрежа на ул. "Осоговска".

- Атмосферските отпадни води се прифатени во отворена каналска мрежа (во опфатот на планот канал со дим. 1.20м. на дното и 3.50 на површината со длабочина од 1.0м., кој дијаметар е добиен врз основа на долгогодишно мерење на нивото на атмосверските води во тој локалитет и истите слободно се сливаат по теренот гравитирајќи кон рецепиентот Каменичка река, односно вештачката акумулација "брана Калиманци".

- **Електро - енергетска мрежа и објекти**

- Електрична инсталација:

Во границите на планскиот опфат за локалитетот кој се наоѓа на североисточниот дел во градот Македонска Каменица, од постојни електро-енергетски мрежи и објекти евидентирано е следното;

Електричен подземен кабел кој од трафостаница "Осогово 1" ја поврзува трафостаницата "Осогово" ТС 10/04 kV; 630 kVA.

Трафостаницата ТС 10/04 kV; 630kVA "Осогово 1" е блиндирана.

Нисконапонската електрична мрежа изведена е воздушна на дрвени (инпрегнирани) столбови.

- Телефонска инсталација

Има изведено телефонска инсталација во предметната локација.. Истата е изведена воздушно, каде се користени дрвените столбови од ниско напонската електрична инсталација.

- Инсталација за јавно осветлување

На предметната локација опфатена со овој ДУП постои осветлување. и тоа изведено е на дрвени инпрегнирани столбови со живини светилки.

Б. Графички дел:

1. Ажурирана геодетска подлога .....……..... 1 : 1000
2 .Извод од ГУП-Македонска. Каменица 1: 2500
3 .Извод од ДУП- Македонска. Каменица .....……..... 1 : 1000
4. Инвентаризација и снимање на изградениот

градежен фонд и вкупната физичка супраструктура 1: 1000
5. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура 1: 1000
6. . Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби 1: 1000

6.4. ИНФРАСТРУКТУРА

- **Сообраќајна инфраструктура**

- Нивелационен план

Врз основа на проектираните улици, како и висинските коти на осовините, добиени од ажурираната дигитализирана и реамбулирана геодетска подлога Р 1:1000, се изврши нивелација на уличната мрежа.

Висинските коти, должините и падовите на улиците добиени се компјутерски преку скенираните геодетски подлоги.

Нивелациското решение на вкстувањето на улиците со каналот за одводнување не се менува и го задржува падот од 5,58% (на ул. "Илинденска") и 0,85% (на ул. "Македонска"). Односот на улиците и попречниот профил на каналот дедени се како детал со свои димензии и ралативни висински коти.

Падовите на улиците, како и хоризонталните кривини на сообраќајниците се во границите на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 78 од 28 јуни 2006 год.

- Сообраќаен план

При решавање на сообраќајната инфраструктура за планскиот опфат во Деталниот Урбанистички План на дел од Македонска Каменица, се тргна од фактот дека во локалитетот скоро сите улици се асвалтирани.

Локалитетот, предмет на овој ДУП кој се наоѓа на североисточниот дел во градот Македонска Каменица, а во склоп на " класа на намени А-Домување и тоа семејно домување во станбени куќи", а предвидени во ГУП на градот Македонска Каменица

Локалитетот на планскиот опфат кој е дел од Мак. Каменица, на источната страна граничи со магистралниот патен правег "М-5".

Од северната страна планскиот опфат граничи со "канал за одводнување. Од западната страна планскиот опфат граничи со ул. "Осоговска", која во правец север сообраќајно го поврзува локалитетот со останатиот дел од централното градско подрачје , со другите населени локалитети, а преку магистралниот патен правец (М-5), има сообраќајна комуникација на исток со Делчево, Пехчево, Берово и Република Бугарија, додека на запад со Кочани и други дестинации во Републиката и пошироко.

Улицата "Осоговска", е станбена улица, асфалтирана во широчина од 6.0м. (две коловозни ленти) и 2х1.50 тротоари, или со вкупен попречен профил од 9.0м.

Од јужната страна локалитетот граничи со К.П.4559,К.П.4554. К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517.

Во внатрешноста на локалитетот, а во правец север-југ, поминуваат ул "Илинденска", асвалтирана со попречен профил од 5.5м., (станбена), со две коловозни ленти и и 2х1.5м. тротоари, или со вкупен попречен профил од 8.50м.

и улицата "Македонска", во широчина од 6.0м. (две коловозни ленти) и 2х1.50м. тротоари, или со вкупен попречен профил од 9.0м. исто така станбена која во правец, север се вкртува со ул. "М. Тито"која исто така во правец север сообраќајно го поврзува локалитетот со останатиот дел од централното градско подрачје , со другите населени локалитети, а преку магистралниот патен правец (М-5), има сообраќајна комуникација на исток со Делчево, Пехчево, Берово и Република Бугарија, додека на запад со Кочани и други дестинации во Републиката и пошироко.

Површината која ја зафаќаат асвалтираните улици и тротоари на ниво на плански опфат изнесува 0.36ха. Процентуално изразената сообраќајна инфраструктура во локалитетот, во однос на планираниот опфат е 20,00%.

Дефинитивното сообраќајно решение ќе го даде надлежниот орган при Општинското собрание со комлетно согледување на сообраќајот во просторот, сходно своите надлежности.

Паркирањето на лесни возила ќе биде во секоја парцела посебно.

- **Komunalna infrastruktura**

- Vodosnabduvawe

- Извори на вода

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува со вода од постојната водоводна мрежа, која на овој дел од градот е гранкаста.

- *Потреби од вода*

Со урбанизација на овој простор и намената на површините на опфатот, опфатен со деталниот урбанистички план се предвидуваат објекти за семејно домување во станбени куќи.

Со предвидените максимални површини за градба кое преставува максимален капацитет на просторот во моментот со вкупен број на станови 99, со претпоставка во секој стан да живеат по 4,0 члена.

Вкупниот максимален број на жители би изнесувал Мк=396 жители. Водоснабдувањето на изградените и новопредвидените објекти се предвидува со доизградба на секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 300л/ден/жит во семејното домување во станбени куќи.

Потребна количина на вода за жителите од планскиот опфат:

Nk - број на жители, посетители;
Q - водоснабдителна норма Q = 300л/ден/жит.;
a_1 - коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,4**;**
a_2 - коефициент на часова нерамномерност a_2 = 1,6**;**

q мах/час =396 x 300 x 1,4 x 1,6 / 86400 = 3,08/сек. или 3,10 л/сек.

Потреби од вода за противпожар
qпож. = 2 x 5,0 = 10,0л/сек.

Вкупни потреби за семејното домување во станбени куќи, изнесува:
qмах/час + qпож. = 3,10 + 10,0 = 13,10л/сек.

- *Разводна мрежа*

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна разводна мрежа.
Разводна мрежа е предвидена од PVC цевки ф80 до Ф100мм. На разводна мрежа е предвидено да се постават противпожарни хидранти, приклучоци, воздушни вентили, испусни вентили и други објекти потреби за нормално функционирање на мрежата.

- **Kanalizacija**

- Фекална канализација

За одводнување на фекалните отпадни води од планскиот опфат, предвидена е фекална канализациона мрежа.

Фекалната мрежа е превидена од пластични канализациони цевки од ф250 мм, и истите ќе бидат дефинирани во зависност од расположивите теренски услови, што ќе биде предмет на понатамошна фаза на изработка на техничка документација.

На канализационата мрежа се предвидени приклучни и ревизиони шахти.

- отпадните води и фекалиите од планскиот опфат ќе бидат прифатени и приклучени во продолжение на постојниот колектор Ф-600, кој треба да се изгради се до предвидената пречистителна станица.
- задолжително е отпадните води да имат предтретман, а потоа да бидат испуштени во колекторската мрежа.
  - сето ова ќе биде предмет на проектите и елаборатите од повисоко ниво за секој локалитет плански опфат) или блок посебно, во зависност од технолошкиот процес.

- Atmosverska kanalizacija

- За прифаќање и одведување на атмосферските води предвидено е да се изведе атмосферски канализационен систем и тоа од Ф-250 до Ф-300мм..

Димензионирањето на атмосферската канализациона мрежа ќе се изврши на дожд со појава на секоја втора година и интензитетот со траење од 20 мин. како и коефициентот на отекување од с=0,5.

Водно количество кое се очекува од локалитетот е:
Q= 1.80 x 0,5 x 0,100 = 0,09 м^3/сек

- За минимални димензии на каналската мрежа се предвидува ф250мм., а останатите дијаметри од атмосверската канализациона мрежа ќе се одредат во зависност од расположивите теренски услови и припадните сливни површини. Профилите на цевките на останатата мрежа се со димензии предвидени со ГУП на Каменица Македонска.
- Како главен рецепиент за евакуација на атмосферските води ќе биде Каменичка река

О б в р з у в а ч к и:

Реализацијата на изработката на дел од ДУП за Македонска Каменица, треба да се одвива преку изработка на Идејни и Основни проекти за чија изработка ќе бидат дадени основни смерници и податоци (хидротехнички услови) од организацијата која стопанисува со објектите (водоводна и канализациона мрежа), како и изработка на Идејни и Основни проекти за сообраќајниците.

Техничкото решение за комуналната инфраструктура на дел од ДУП за Македонска Каменица, преставена е во графичкиот прилог "ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН - КОМУНАЛНА" во М=1:1000.

- **Електро-енергетска и телефонска инфраструктура**

- Електрична инсталација:

Билансот на потребната снага во објекти за семејно домување во станбени куќи, се врши спрема следните електро енергетски параметри:

- се смета за просечна инсталирана снага по стан да изнесува:
Пинст. = 30KW
- за истата се смета со коефициент на едновременост Ке = 0,3-0,465
- едновремена снага по стан на прагот на домаќинство изнесува
Пед. = 9-13KW
- усвојуваме едновремена снага од Пед. = 12KW.
- на оваа снага на едновременост одговара коефициент на едновременост за бесконечен број на станови Ке = 0,185
- Коефициентот на едновременост за 99 стана го добиваме:
Ке = 0,185 + (1 - 0,185)/99= 0,19
- едновремена снага за 99 стана ќе биде:Пед.1 =99 x 12 x 0,188= 223KVA
- едновремена снага за затоплување со просечна снага од 2.0 KV по стан изнесува:
Пед2 = 99 x 2 x 0,901 = 178KVA
спрема тоа вкупната едновремена снага за домување планскиот опфат изнесува:
Пед. = Пед.1 + Пед.2 = 223 +178 = 401 KW.

Ако усвоиме дека напојувањето со електрична енергија ќе се врши со дистрибутивни 10/0,4 kV трафостаница со моќност на трансформатор од 630 kVA, ΄Осогово 1", тогаш постојната трафостаница ја задоволува потребата на планскиот опфат со електрична енергија. Приклучувањето на оваа трафостаница ќе се изврши со 10 kV подземни кабли од постојниот 10 kV далновод.

- *Улично осветлување*

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "Б" -споредни, локални;
- класа "Б-1"-паркинг простори

Бидејќи сите улици се опфатени со јавно осветлување но јачината на сијалиците на дел од планскиот опфат не ги задоволува потребните стандарди и нормативи, предвидени се натриумови високопритисочни светилки (на постојните кандилабри), со моќност 250-400 W кои се поставени на бетонски фундаменти високи 3-5м и на меѓусебно растојание, од 25-40 м.

Геометријата на елементите потребни за изведба на инсталацијата за јавно осветлување (висина на кандилабрите , растојание помеѓу нив) зависна е од интензитетот на сообраќајот што се одвива по соодветната сообраќајница. За таа цел потребно е да се направи светлотехничка пресметка за сите сообраќајници.

Инсталацијата за јавно осветлување треба да биде проектирана за целоноќен и полуноќен режим на работа.

- *Телефонска инсталација:*

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од прво степено значење е намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 99 телефонски приклучоци.

За задоволување на потребите на идните корисници планирано е зголемување на телефонските приклучоци со поставениот оптички телефонски кабел.

Самото приклучување во постојната телефонската мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши до најблиската реонска телефонска централа. Приклучувањето да се изврши во согласност со АД Македонски Телекомуникации-Делчево.

7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА.

Заради зголемениот интерес на физички лица и потребата за зголемување на површината за градба, локалната самоуправа Мак. Каменица донесе Одлука за изработка на Детален Урбанистички План (измена и дополнивање), односно урбанизација на предметниот локалитет.

8. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Условите за иградба, развој и користење на земјиштето и градбите во планот се составен дел, со соодветните графички прилози на урбанистичката документација на Детален Урбанистички План на дел од Македонска Каменица на локалитет со плански опфат (помеѓу дел од канал за одводнување, дел од ул. "Осоговска, дел од М-5 и граница со К.П.4559,К.П.4554. К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517, во Македонска Каменица и имаат правно дејство врз изградба на нови објекти, изградба на комуналните објекти и инсталации како и вкупното одржување на изградените целини во предметниот локалитет. Градителската активност која ќе следи по стапување во сила на Планот треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и параметрите што се составен дел на документацијата.

8.1. Предметот за одредбите за изработка на Детален Урбанистички План на дел од Македонска Каменица на локалитет со плански опфат (помеѓу дел од канал за одводнување, дел од ул. "Осоговска, дел од М-5 и граница со К.П.4559,К.П.4554. К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517, е со следните содржини:
– Инвентаризација;
– Техничко образложение и
– графички прилози.

8.2. Одредбите за донесување и спроведување се составен дел на Планот и се од јавен интерес.

8.3 Изработката на Детален Урбанистички План на дел од Македонска Каменица на локалитет со плански опфат (помеѓу дел од канал за одводнување, дел од ул. "Осоговска, дел од М-5 и граница со К.П.4559,К.П.4554. К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517 се работени врз основа на ГУП и ДУП на Македонска Каменица.

8.4. Предложената изработка на Детален Урбанистички План на дел од Македонска Каменица на локалитет со плански опфат (помеѓу дел од канал за одводнување, дел од ул. "Осоговска, дел од М-5 и граница со К.П.4559,К.П.4554. К.П.4539, К.П.4534, К.П.4525 и К.П.4517, што е предмет на

работа е донесена врз основа на годишна програма за за изготвување на Детални Урбанистички Планови за 2008год. за Општина Македонска Каменица.

8.5. Изработката на Детален Урбанистички План на дел од Македонска Каменица, опфаќа површина од 1,80ха.

8.6. Основната намена на изработката на Детален Урбанистички План на дел од Македонска Каменица, е:
– уклопување на ново настанатите градежни парцели (измена во габаритот на парцелите);
– потврдување на постојниот градежен фонд кој има материјални квалитети и ги задоволува условите за живеење;
– реурбанизација и реконструкција на просторот.

8.7. Основна намена на просторот е домување во едно и двосемејни живеалишта со градини.

9. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

9.1. Градежна парцела

Градежната парцела се дефинира со планот и го определува просторот што му припаѓа на постојниот или планираниот објект.

9.2. Намена на земјиште

Намена на земјиштето, целите за користење или изградба на земјиштето, односно на парцелите поединечно предвидено е да ја имаат следната намена:

- намена на површини за семејно домување во станбени куќи;
- намена на површини за инфраструктура-
- намена на површини за заштитно зеленило;
- При утврдување и издавање на локациски услови да се води сметка на видот на дејноста - треба да се дозволуваат дејности кои што ќе се во согласност на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 78/06 и 140/07) и Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (Сл. весник на Р.М. бр. 69/96).

9.3. Регулациона и градежна линија (Р.Л. и Г.Л.)

Параметрите: регулационата линија и границите на парцелата; градежната линија; процентот на изграденост на парцелата; коефициентот на искористеност на земјиштето; минималните растојанија помеѓу објектите од аспект на степен на инсолација се во рамките на предвидените со правилник и се дадени графички прилози, за секоја парцела одделно, на парцелите што имаат површина за градба. Во конкретниот случај регулационата линија и градежната линија се поклопуваат кај градежните парцели (М1.10, и М1.11, М1.12 и М1.13).

Во зоната за домување определувањето на градежните линии т.е. минималното растојание од најистурениот дел на планираниот објект (освен стреа)

е во рамки на утврдените растојанија, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 78/06 и 140/07)

Објектите што се евидентирани во добра состојба во целост се потврдуваат, со затекнатите растојанија.

Кај новите објекти, доградба или надградба на постојните објекти, овие растојанија кон границата со соседните парцели и до тротоарот на сообраќајницата изнесува 1/3 од планираната висина, но не помалку од 1,2 метри.

За задоволување на естетскиот изглед на уличната фасада еден од условите е да се почитуваат дозволените граници на изградба.

При решавање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти (со композициските линии на соседите) но

сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

Обработката на фасадите да биде од цврст материјал во склад со традицијата на поднебјето. Употребата на квалитетни и трајни материјали и колоритно решение да се вклопува и допринесува за оформување на околниот амбиент и во склад со постојната состојба на објектот.

9.4. Висина

За определување на максималната висина на објектите до завршниот венец на градбата, во планскиот опфат на планот, меродавна ќе биде котата на тротоарот на улиците од каде е пристапот на објектот. Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден зид од градбата поставен на градежната линија и истата изнесува мах. 9.80м. (П+2).

9.5. Кровови

Висината на кровот во целост остапува од максималната или дозволената висина на изградба определена со висината на венецот. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри над максималната или дозволената висина на изградба, (мак. до 4.5м.).

Од висината на венецот отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации. Максималниот нагиб на кровот може да биде до 35^0 и преставува основен агол на кровната површина. Се дозволува еднаш прекршување на косата кровната површината. Првата косина максимално може да биде поставена под агол од 65^o, а втората рамнина под агол не помал од 20^o и завршува до слемето утврдено со основниот агол. Во дозволената силуета на кровот дадена со дозволените косини подкровни простори, тераси, скалесто повлекување и други, при што дозвола за градење и искористување на кровни површини се дава ако се исполнат истите услови како за максимална висина на изградба.

9.6. Сообраќај

Потребата од паркинг простор ќе се задоволува во рамките на сопствената парцела и објект и тоа е основниот услов за достигнување на максималната планирана површина за изградба на максимална висина.

9.7. Архитектонско обликување на објектите

Во архитектонско обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микро локациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на локалните градежни материјали и традиционалните вредности и културата при градењето.

За задоволување на естетскиот изглед на уличната фасада еден од условите е да се почитуваат дозволените граници на изградба.

При решавање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти (со композициските линии на соседите) но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

Обработката на фасадите да биде од цврст материјал во склад со традицијата на поднебјето. Употребата на квалитетни и трајни материјали и колоритно решение да се вклопува и допринесува за оформување на околниот амбиент и во склад со постојната состојба на објектот.

9.8. Заштита на недвижно културно наследство според заштитно конзерваторските основи.

Од страна на Секторот за урбанизам и комунално уредување при Општинското собрание на Македонска Каменица, не се евидентирани објекти од културно и историско значење.

9.9. Бариери

Бариерите се пречки кои оневозможуваат непречено движење на хендикепирани лица. Затоа посебно внимание да се даде во зоните каде се движат пешаците. Сите денивелации за влезови на јавни површини да се решаваат со рампи за совладување на висински разлики со наклон не помал од оптималниот кој изнесува 8,33% или (1:12)., а слободните страни да се заштититени со огради во висина од 0,90 м.

9.10. Сеизмика

Од аспект на сеизмичко дејство со интензитет од **IX** и **VIII** степени МСЗ задолжително примена на принципите на асеизмичко градење на објекти.

9.11. Комунална инфраструктура

Најмалата длабочина за поставување на водоводни цевки е 1,5м. и не помало растојание од 2 (два) метри од темелот на објектот.

При поставувањето на било која инсталација под улиците, сите ревизиони окна мора де се вклопат во ширината и рамнината на истата.

Зеленилото во склоп на парцелата треба да биде уредено во склад со станбениот простор. Дворот према улицата треба де е холтикултурно решен со високо и ниско зеленило, додека задниот двор према потребите на сопственикот.

Се препорачува на сопствениците на градежните парцели во нивните дворни места помеѓу регулационите и градежните линии да засадуваат дрвореди од родни или украсни дрвја, што влијае на подобрување на микроклимата и општата слика на населбата.

9.12. Комунална хигиена

Сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, во сопствените парцели или во локација за заеднчки контејнери.

4	Набавка, довоз и поставување на песок на дно на јама, 2 x 2 x 0.1, д=10см канал.					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^3$	0.40			
5	Затрупување на шахтата со пробран материјал од ископот, со набивање во слоеви од по 30 см, до потребна збиеност согласно техничките услови за изведба на канализација. ((2x2)+(3.0x3.0))/2)x1.65))-((1.16x1.16x3.14x/4) x1.65)					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^3$	8.98			
6	Утовар, одвоз и истовар на вишок на материјал до депонија на оддалеченост до 10км. (1.16x1.16x3.14/4)x1.65	$м^3$	1.82			
7	Набавка, транспорт и монтажа на предупредувачка трака за обележување на местата каде се вршат градежни работи.	м	12			
				ВКУПНО: ЗЕМЈАНИ РАБОТИ		
II	**АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ И ШАХТИ**					
8	Набавка, транспорт и поставување на вибропресувани префабрикувани елементи за канализациона шахта тип 1000 со завршен конусен дел. Нср=1.65м					
	- Конусен елемент Н=0.6м	бр.	1			
	- Прав елемент Н=0.5м	бр.	1			
	- База Н=0.70 м	бр.	1			
	- Нср=1.65м					
9	Изработака на скалници од РА-2 ф12мм, со ширина на газење 30см, должина на анкерување д=10см и оддалеченост на скалникот од ѕидот од 15см.	бр.	5			
10	Заливање на отворите кај премин на цевки со еднокомпонентен самоекспанирачки и саморазливачки готов малтер.	бр.	2			
				ВКУПНО: АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ И ШАХТИ		
				ВКУПНО: ШАХТА ЗА АТМОСФЕСРКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА УЛ.ИЛИНДЕНСКА		

Поз.	ОПИС НА РАБОТИТЕ	Мерка	Колич.	Ед. Цена (МКД)	Вкупно (МКД)	ДДВ (МКД)
ЕДИНЕЧЕН ПРЕДМЕР ЗА КАСКАДНА ШАХТА ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА УЛ.ИЛИНДЕНСКА						
I	**ЗЕМЈАНИ РАБОТИ**					
1	Машински ископ на ров III и IV кат. (70% од вкупниот ископ) на длабочина од 2-4 м, со подградување, во присуство на вода. ((((2x2)+(3.0x3.0))/2) x1.80)x0.7					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^3$	8.19			
2	Машински ископ на ров V и VI кат. (30% од вкупниот ископ) на длабочина од 2-4м, ширина на ров,со подградување. ((((2x2)+(3.0x3.0))/2) x1.80)x0.3					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^3$	3.51			
3	Рачно планирање на дното на јамата со точност од +/- 5см. 2 x 2					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^2$	4.00			
4	Набавка, довоз и поставување на песок на дно на јама. 2 x 2 x 0.1, д=10см канал.					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^3$	0.40			
5	Затрупување на шахтата со пробран материјал од ископот, со набивање во слоеви од по 30 см, до потребна збиеност согласно техничките услови за изведба на канализација. (((((2x2)+(3.0x3.0))/2)x1.92))-((1.16x1.16x3.14x/4) x1.80)					
	атмосферска канализација ул.Илинденска	$м^3$	9.80			
6	Утовар,одвоз и истовар на вишок на материјал до депонија на оддалеченост до 10км. (1.16x1.16x3.14/4)x1.80	$м^3$	1.90			
7	Набавка, транспорт и монтажа на предупредувачка трака за обележување на местата каде се вршат градежни работи.	м	12			
			ВКУПНО: ЗЕМЈАНИ РАБОТИ			

II	**АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ И ШАХТИ**					
8	Набавка, транспорт и поставување на вибропресувани префабрикувани елементи за канализациона шахта тип 1000 со завршен конусен дел. Нср=1.80м					
	- Конусен елемент H=0.6м	бр.	1			
	- Прав елемент H=1м	бр.	1			
	- База H=0.35м	бр.	1			
	Нср=1.80м					
9	Изработака на скалници од РА-2 ф12мм, со ширина на газење 30см, должина на анкерување д=10см и оддалеченост на скалникот од ѕидот од 15см.	бр.	5			
10	Заливање на отворите кај премин на цевки со еднокомпонентен самоекспанирачки и саморазливачки готов малтер.	бр.	2			
	ВКУПНО: АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ И ШАХТИ					
	ВКУПНО: ШАХТА ЗА АТМ.КАН. ЗА УЛИЦА ИЛИНДЕНСКА - КАСКАДНА					

	денари	денари
РЕКАПИТУЛАЦИЈА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА УЛ.ИЛИНДЕНСКА		
ВКУПНО СО ДДВ		

Технички услови за изведба на канализација

1. Предговор

За ископ на цевниот ров и изградбата на канализационите водови ќе се применуваат следните срандарди и прописи:

DIN 18300 Земјани работи
DIN 18303 Pit boards works
DIN 19630 Смерници за изградба на водови за водоснабдување
DIN 4124 Градежни јами, ровови, косини, ширини на работен простор, pit board
DIN 4129 Заштита од несрекни случаи - градежни работи
DIN EN 1610 Полагање и испитување на канализациони цевки и канали
DIN EN 752 Одводни системи надвор од зградите
ZTVA-Stb97 Дополнителни технички договорни услови и смерници за ископи во патиштата
ZTVE Stb 94 Дополнителни технички договорни услови и смерници за земјани работи поврзани со изградба на пат, верзија 1997.

Сите позиции во Спецификациите и Предмерите ги вклучуваат целосните работи, вклучувајки го целиот градежен материјал, опрема, изградба и целосните работи, пропратни и допунски работи. Треба да се вклучат и Сертификатите за квалитет за целиот градежен материјал и опрема.

За пресметување на количините при изготвувањето на понудата и мерењето на количините за време на изградбата Изведувачот треба да обрати внимание на следното:

Ќе се плаќа за измерена количина на градилиште, односно сите позиции поврзани со земјани работи ќе се мерат и за нив ќе се плаќа согласно стварно ископан и насипан ров.

2. Основен Проект

За изготвување на проектот Изведувачот ќе изврши снимање на теренот за да ги утврди точните теренски коти и коти на канализационата мрежа.

Пред изготвување на Основниот проект Изведувачот ќе изврши снимање на приклучоците на постоечката канализација за да ја одреди локацијата и длабочината на новите канализациони водови.

Согласно Македонската регулативе, Ревизија на Основниот проект треба да изврши независен и овластен ревизор пред да се добие градежна дозвола.
Документацијата од Основниот проект на македонски јазик треба да се достави до локалните органи на Министерството за Транспорт и Врски за да се добие градежна дозвола.

3. Постројки на градилиште

За севкупните работи предвидени со овој договор Изведувачот ќе:

-Обезбеди уреди, алат и материјали кои се потребни за изведување на работите определени во договорот, вклучувајки транспорт до градилиште;

-Транспорт, монтажа и опремување на канцеларии на градилиште, сместување, работилници, складишни простори и сл;

-Обезбеди струја, вода, телефон и сл. за градилиште како и средства за одвоз;

-Ќе обезбеди пристапни патишта до градилиште, складишните места, други потребни пешачки стази и сообраќајни патеки на локацијата на градилиштето;

-Ќе изведе земјани работи вклучувајќи одстранување на постоечка вегетација потребно заради објектите на градилиште;

-Ќе најде соодветни локации за објектите на градилиште;

-Набави, инсталира и одржува табла на која ќе стои текст кој ќе го одобри Инвеститорот (димензии: 2.00/1.00м).

Трошоците за одржување и работа на уредите и постројките, вклучувајќи рентирање и закуп, хонорари и сл. треба да се вклучат во цената.

Изведувачот треба да ги врши одржување на постројките на градилиште за време на целиот перид на изведување, евентуални прекини кои не се предизвикани од Инвеститорот и да се обезбеди струја, вода и сите други работи потребни за изведување на работите.

Изведувачот ќе ги одстрани сите уреди, постројки и сл. и ќе ги врати во првобитна состојба сите површини и патишта кои ги користел.Кршот треба да се одстрани.

Изведувачот треба да инсталира, одржува и потоа демонтира времени приклучоци за струја и вода кои Изведувачите ќе ги користат заедно со потребните земјани работи, цевки, каблови и разделни цевки во договор со односните комунални претпријатија за време на целиот период на градење.

Фото документација:

Пред, за време на и после изведувањето на работите, ќе се прават фотографии во боја како доказ за постоечката состојба на односните траси на цевководи и постројки, кои би можеле да се оштетат за време на изведувањето на работите.
Сите очигледни оштетувања треба да се фотографираат, со цел да се отфрлат евентуални неоправдани одштетни побарувања од сопствениците.Фотографиите ќе се прават во присуство на Надзорниот Инжинер на Инвеститорот. Комплетната документација ќе се достави до Инвеститорот.

4. Земјани работи

4.1. Времени сообраќајни врски

Градилиштето ќе се опреми согласно Македонските прописи за сообракај со потребните сообракајни знаци, табли со информации, заштита и безбедносни инсталаци. Изведувачот ќе одржува и ќе ги осветли сообракајните врски, вклучувајќи трошоци за работењето за-време на целиот период на изградба па се до отварањето за сообракај.Сите средства за блокирање на патот, безбедност на сообракајот, осветлување и поставување на знаци ке се обезбедат за целосно и делумно блокирање на патот како и за сообракајни рестрикции во просторот каде се изведуваат работи. Ќе се вклучат трошоците за издавање на дозволи од јавното претпријатие за патишта.
Кага е потребно, Изведувачот ќе обезбеди еден комплет времени семафори, заради регулирање на сообракајот “црвено-жолто-зелено”, со регулација.Комплетот времени семафори ќе биде целосно автоматизиран. Во зависност од напредувањето на работите, може да е потребно повекекратно преместување на семафорите. Поставувањето на знаците на улиците ќе биде како е регулирано од полицијата. Треба да се вклучат трошоците за работата и за струјата и приклучувањето на електричната мрежа.

4.2. Мобилна ограда на градилиштето

Со цел да се обезбеди безбедност на градилиштето, сите градежни јами и ровови ќе се оградат со подвижна ограда за време на изградбата на канализацијата се до завршување на затрупувањето. Мобилната ограда на градилиштето (висока 2.00м) ќе биде од мобилни елементи на челична рамка со округли челични шипки, подлоги на бетонски столбови, вклучувајќи го целиот материал за монтажа. Ќе се вклучат и врати и порти.

4.3. Временски сообракајни патишта

За одражување на сообракајниот ток за времетраењето на изградбата, ќе се изградат времени сообракајни патишта. Пред почетокот на изградбата, Изведувачот ќе изготви сообракаен план за времените сообракајни патиштаи ќе добие дозвола од јавното претпријатие за патишта. Заради враќање во првобитната состојба на градилиштето, времените сообракајни патишта ќе се одстранат по завршувањето на работите, вклучувајки ги сите допунски работи.

4.4. Хумус (горен слој)

Кога е применливо, за ископ на рововите и градежните јами, слојот на хумус(просечна дебелина 30 см) вклучувајки трева, грмушки и сл. ќе се одстрани и издвои од ископот на подлабоките слоеви. Заради повторна употреба, хумусот времено ќе се складира на градилиштето.После повторното насипување на рововите и градежните јами, Изведувачот ќе го транспортира хумусот и ќе насипе слој хумус со потребната дебелина на искосени и хоризонтални површини на градилиштето.

4.5. Рушење на постоечкиот коловоз

Изведувачот ќе го исече и извади постоечкиот коловоз, вклучувајки ивичњаци, сто е потребно за изградбата на патот и ископот на ровот за цевки, утовар, транспорт и одвоз на материјалот согласно односната регулатива. “Disposal certificates” треба да се достават до Директорот на Проектот (Надзорот).
Типот на коловозот е прикажан на цртежите.

4.6. Рушење на постоечките цевки на градска канализација

Ако е потребно, Изведувачот ќе ги сруши, утовари и одвезе постоечките цевки на градската канализација.
Постоечката Турска канализација е е поставена на длабочина од околу 1.00м под површината на патот и има попречен пресек од околу 40x40см. За зидовите на Турската канализација користени се камени плочи или цигли. За постоечките куќни приклучоци користени се веројатно керамички цевки. Одвоз на материјалот ќе биде према односната регулативе. “Disposal Certificates” (сертификати за одвозот) треба да се достават.

4.7. Рушење на постоечките објекти

Изведувачот ќе ги сруши, утовари и одстрани постоечките зидани или лиени на лице место бетонски контролни шахти како е прикажанон а цртежите. Одвоз на материјалот ќе биде согласно односната регулативе.Треба да се достават.

4.8. Ископ

Пред да се одпочне со било кој ископ Изведувачот ќе стапи во контакт со локални добавувачи (енергија, врски, гас, итн.) за да ги утврди постоечките кабли и цевки. Ќе се постапува согласно сите инструкции кои ќе ги дадат овие комунални претпријатија.
Со цел да се утврди локацијата на постоечките цевки и кабли Изведувачот ќе предвиди рачен ископ на дополнителни ровови.
Кога постоечките каблови и цевки ги преминуваат рововите или одат паралелно на истите Изведувачот ќе изведе рачен ископ. За времетраење на изградбата постоечките кабли и цевки ќе се осигурат и подпрат.Кабловите и цевките кои одат паралелно во цевниот ров, безбедно ќе се подпрат.Евентуални постоечки кабловски инсталациони цевки или слично времено ќе се одстранат и складираат на градилиште. По завршувањето на работите, кабловите, цевките и кабловските инсталациони цевки ќе се вратат во првобитната состојба и означат со трака за предупредување.
Трошоците за обезбедување, одстранување и вракање во првобитната состојба на постоечките приклучни водови ќе се вклучат во единечните цени.

Ровови и јами за шахти ќе се ископаат како е предвидено во стандардите (односно DIN EN 1610). Цевниот ров за канализационите цевки ќе биде према профилот. Ширина на дно на ровот ќе биде према DIN EN 1610 колку е потребно за номиналниот пречник на цевката. Длабочината на ровот и длабочината на јамите за шахти ќе биде како е прикажано на цртежите

Минимална ширина на ров во однос на нормалниот пречник на цевката DN			
DN	Минимална ширина на ров (OD + X)		
	Ров со подпирање/подград	Ров без подпирање/подграда δ > 60 °	Ров без подпирање/подграда δ = 60 °
<=225	OD + 0.40	OD + 0.40	OD + 0.40
>225 то <=350	OD + 0.50	OD + 0.50	OD + 0.50
>350 то <=700	OD + 0.70	OD + 0.70	OD + 0.70
>700 то <=1200	OD + 0.85	OD + 0.85	OD + 0.85
>1200	OD + 1.00	OD + 1.00	/
X/2 одговара на минималниот работен простор помеѓу цевката и ѕидот на ровот односно подграда на ровот OD – надворешен пречник на цевка, во m δ - агол на искосување на ѕидот на ровот, измерен од хоризонтала			

Земја од ископ е класа 3-7. Материјал од ископ (класа 3-4), ако е погоден, ќе се складира до ровот во количина која е потребна за повторно насипување на ровот. Земја од ископ која неможе да се складира на страна на ровот, треба да се одвезе до времено складиште кое ќе го обезбеди Изведувачот и истата ќе се употреби за повторно насипување на цевниот ров.
Облутци и друг материјал покрупен од 25см во пречник ќе се соберат и одвезат на трошок на Изведувачот.
Изведувачот ќе ја одвезе вишок земјата на свој трошок.
Како припрема за подлогата (подлога за цевки) постелката на дното на ровот несмее да одстапува за повеќе од 2см од определената длабочина на ископ.
Сите работи за дополнителни шуплини кај цевните приклучоци и ископ за шахтите ќе биде вклучено во единечните цени.

4.9. Подпирање на ровот

За време на ископот на рововите, Изведувачот ќе изведе подпирање на ровот на двете страни на почетокот и на крајот на цевниот ров во сите длабочини кои се поголеми од 0.9м (освен во кохерентно/врзано земјиште и камен).

4.10. Постелка/подлога за цевки

Заради еднакво темелно тло на цевката, Изведувачот треба да изведе слој песок или чакал (максимална големина на зрно: 20 см) према DIN EN 1610 со дебелина од 100мм + 1/10 DN во мм.

Потребен е степен на набивање од 95%.

Изведувачот ќе изведе испитување (на пример испитување на оптеретување према DIN 18134) за да го потврди определениот степен на набивање.

4.11. Постелка/подлога од шљунак

Пред изведувањето на шахтите Изведувачот ќе постави 10см дебела подлога од шљунак.

Потребен е степен на набивање од 97%.

Изведувачот ќе изврши испитувања (односно испитување на оптеретување према DIN 18134) за да го потврди определениот степен на набивање.

4.12. Почетно затрпување

До 30см над темето на цевката Изведувачот треба да го насипе ровот со шљунак или песок (максимална големина на зрно: 20мм) Во слоеви до 30см со рачно набивање или мали набивачи.

Потребен е степен на набивање од 97%.

4.13. Трака за предупредување

Пластична трака за предупредување со жица за прицврстување према DIN V 54841 – 1 треба да се постави по целосната должина заради заштита на цевката и покасно утврдување на постоење на цевковод.
бојата и текстот на траката зависи од намената.

4.14. Повторно насипување на ровови

Изведувачот ќе набави и повторно ќе ги насипе рововите со земја која се набива и не содржи каллив материал или вегитативен материал.
За ровови во пат потребен е степен на набивање од 97%.Надвор од патот потребен е степен на набивање од 95%.Изведувачот ќе изврши испитувања (односно испитување према DIN 18134) заради потврда на степенот на набивање.

4.15. Затрупување на шахти

После изведувањето на шахтите Изведувачот ќе набави и ќе ги затрупа ископаните јами со неврзан материал, земја која се набива (земја класа 3-4, коефициент на сортирање U=6-10, Глина/прашина содржина (големина на зрно<=0.06мм): максимум 10%) без каллив или вегетативен материал.Затрпувањето ќе се извршИ во слоеви од по 40см. Секој слој добро ќе се набие со машински набивач кој ке се одобри пред да се положи секој нареден слој. Потребен е степен на набивање од 97%.
Изведувачот ќе изврши испитувања (односно испитување према DIN 18134) заради потврда на степенот на набивање.

4.16. Талпа за премин на пешаци преку ров

За време на изведувањето на канализацијата Изведувачот ќе обезбеди и одржува мобилни талпи за премин на пешаци преку ров. Мобилните талпи за премин на пешаци преку ров треба да имаат заштитан ограда.
По инструкции на Директорот на Проект или надзор на градилиште на Инвеститорот, мобилните талпи за премин на пешаци преку ров може да треба да се прелоцираат повеќе пати.

4.17. Осигурување на постоечките огради и зидови

За време на градежните работи постоечките огради и зидови ќе се потпрат и обезбедат.
Сите ископи, кои се изложени за време на земјаните работи и во опасност да се срушат, ќе се обезбедат и потпрат по избор на Изведувачот вклучувајки ги сите дополнителни работи.

4.18. Обезбедување на постоечките светлечи столбови и знаци

Светлечи столбови, собракајни знаци кои се лоцирани во пределот на трасата и чија стабилност е загрозена за времетраењето на работите на канализацијата, ќе се потпрат и добро обезбедат од паѓање и попуштање.

4.19. Заштита на дрва

Дрвата ќе се заштитат од одштетување од машини со употреба на приближно 2.00 м висока вертикална заштита од талпи со приближно 10 см дебела облога од соодветен материал (пресована слама и сл.) помеѓу дрвото и талпите.
Кореновите на дрвата ќе се заштитат за време на копање на рововите. Во близина на дрвата. Изведувачот ќе постапи и дејствува согласно DIN 18920 "Заштита на дрва, растенија и вегетација за време на изградба" и "Упатство за изградба на патишта", дел Озеленување (RAS-LG 4). Во близина на корени ќе се користи рачен ископ. Одрежан и издробени корени ќе се третираат према DIN 18920. Оштетувања на главните корени ќе се третираат професионално. Изложени корени ќе се обезбедат и заштитат од исушување со користење на влажна ткаенина или кеси.

4.20. Одводнување

Изведувачот ќе обезбеди одводнување на цевниот ров и јамите на шахтите, вклучувајки одводни јами, комплетна опрема за одводнување (пумпи, цевководи) и прибор. Треба да се вклучи одржување, работа, контрола и сервисирање на постројките за време на целиот период на изградба. Ако е потребно, ќе се добие дозвола за испуштање на водата во системот на атмосверска вода и канализациониот систем или во реки.

5. Одржување на истекување на отпадна вода за време на изградба

Реконструкцијата на постоечките канализациони водови ќе се изведе под работни услови. ***Изведувачот ќе ги вклучи трошоците за потребиниот материал и опрема (ископ, цевни чепови, цевководи, итн) во цената на понудата.***
Во зависност од специфичните локални услови Изведувачот ќе се обезбеди една од следните можности за одржување на испуштање на отпадната вода за време на изградбата:

- Времен прекин на испуштањето а отпадната вода со ограничено преградување на отпадната вода узводно во каналот оделот на каналот кој треба да се реконструира.

- Времено пумпање на одпадната вода преку бајпас цевководи над земја надвор од делот на цевката кој треба да се реконструира.

  -Изградба на времена шахта и инсталирање на канализациона пумпа за секој канализационен приклучуок.

  -Инсталирање на две канализациони пумпи кои работаат на истиот начин како и во колекторот (главната канализациона цевка)

  -Инсталирање на собирен резервоар

  -Приклучување на влезната канализациона цевка и пумпен објект

  -Изградба на (два) притисни цевководи за приклучување на пумпна шахта со низводна канализациона цевка.

- Испуштање со гравитација во цевки положени во рамките на делот на цевката кој треба да се реконструира.

Трошоците за одржување и работа на уредите и објектите, вклучувајки изнајмување и лизинг и сл треба да се вклучат во цената.

6. Канализациони цевки

За новите канализациони цевки Изведувачот ќе ги набави и инсталира сите цевки и цевен прибор кои се потребни за изградба на канализацијата према цртежите. Цевките и цевниот прибор ќе се положат према упатството на производителот. За да се обезбеди компатибилност на составните делови и да се добие гаранција од производителот, сите цевки, цевен прибор и помошни уреди ќе се набават оде ден производител.

Цевките и цевниот прибор ќе се транспортираат до времено складиштен а градилиште, ќе се растоварат, инсталират во цевниот ров во проектиран правец, длабочина и нагиб прикажан на цртежите и ќе се заптиваат, вклучувајки ги сите потребни дополнителните работи према инструкциите на производителот на цевките.

Производителот на цевките ќе достави статички анализи.

Цевките и цевниот прибор треба да имаат етикета за контрола на квалитетот -DIN- и производителот.

Нормален пречник на цевката (мм)	Минимален нагиб на цевката	Максимален нагиб на цевката
Приклучоци	1 : 100	1 : 10
DN 200 - 300	1 : 200 -1: 300	1 : 10 - 1: 15
DN 300 - 600	1 : 300 - 1: 600	1 : 20
DN 600 - 1000	1 : 600 - 1:1000	1 : 30
DN 1000 - 2000	1 : 3000	1 : 50

6.1. Главни канализациони цевки

Цевките за главните канализациони цевки за отпадни води ќе бидат еден од следните видови цевки :

- PVC-KG цевки
- Центрифугално лиени ојачани со стакло со полиестерска смола GRP цевки
- Полиетиленски цевки или полипропиленски цевки
- Цевки од нодуларен лив

Армиранобетонски цевки не се прифаќаат за главните канализациони цевки за отпадна вода.

Цевките за главните канализациони цевки за атмосверска-вода ќе бидат:

PVC-KG цевки
- Центрифугално лиени ојачани со стакло со полиестерска смола GRP цевки
- Полиетиленски цевки
- Префабрикувани армиранобетонски цевки

6.1.1. PVC - KG цевки

PVC - KG цевки ќе бидат PVC - KG, PN 1, не-повеке слојни, едниот крај рамен, без наглавок, ребраста површина на надворешниот sид, глатка внатрешна површина, класа на крутост према DIN 16961, серија SN 8 со ознака на контрола на квалитет RAL и PA ознака за испитување.
Цевен прибор: PVC-U DIN 1953 вклучувајки претходно поставена ивична заптивка.

6.1.2. GRP Цевки

Центрифугално лиени ојачани со стакло со полиестерска смола GRP цевки Германски Стандарди за Производство DIN 16869 Part - I and Part - II, DIN 19565 Part - II.

Класа на крутост: 1250, 2500, 5000, and 10000 N/m^2
Работен притисок: PN 1
Нормална должина по избор на Изведувачот

Цевките ќе се набиваат и постават со наглавка (муф) на едниот крај. Истите треба да обезбедат систем на заптивеност на истекување за гравитациони цевки. Типови на спојници (муфови):
-Full sleeve EPDM-rubber (ethylene-propylene-diene-polymer)
-EPDM-rubber (ethylene-propylene-diene-polymer) seal lips
-Centrifugallycast GRP sleeve with an EPDM elastomer lip заптивка на секоја страна.

6.1.3. Полиетиленски цевки

Полиетиленски цевки треба да бидат према ISO 4427, PN 4. Цевките треба да бидат со дупли зидови, таласасти на надворешната страна и глатка површина внатрешно. Цевката треба да биде произведена со спој (врска) со наглавка. Поврзувањето ќе се изведува со заптивка или топлотно заварување.

Треба да се вклучи цевен прибор како што се наглавци, проста коса рачва,Т-парчиња, преодни елементи итн.

Цевките и цевниот прибор треба да се инсталираат према упатството на производителот.

6.1.4. Префабрикувани армиранобетонски цевки

Префабрикуваните армиранобетонски цевки ќе бидат од типот spoj so naglavka (K – GM) према DIN 4035 и смерниците за квалитет FBS.

Со обзир на очекуваните товари, бетонот треба да биде водонепропусен (длабина на продирање ≤5см), отпорни на "висока" hemijska korozija prema DIN 4030 и со висока отпорност на мраз. Бетонот треба да биде со висока отпорност на сулфати и ниско ефективна алкалност према to DIN 4034. Освен ако не се одобри поинаку, металуршки цемент SEM III/B DIN 1164 ќе се користи према Националните стандарди и треба да има максимална концентрација на C3A (Tricalciumaluminat) 3%. Ќе се користат цементи со ниска хидратациона топлина.

Марка на бетон ќе биде 45 N/mm^2. Арматурата ќе биде према DIN 488 и отпорна на напони при ракување пред и за време на инсталирањето.

Joints shall be single offset with socket joint sealing with elastomer sealing ring DIN 4060, Part 1.

6.1.5. Цевки од нодуларен лив

Цевки од нодуларен лив (DIP) и цевен прибор треба да бидат према ISO 2531, со дополнителните услови како е овде предвидено. Системот за квалитет на производителот треба исто така да биде регистриран на ISO 9000 стандард за квалитет од страна на акредитиран орган за регистрација.

Push-on Joints:
Цевки од нодуларен лив со заравнет крај и со наглавка треба да бидат "Push-On Joint" со номинал, 6-метра должина према ISO 2531. Маглавката ќе биде со длабичина за заптивка со поделувачки ослонец и спојот ќе биде произведен со такви одстапувања да заптивката е самоносечка, безбедно затворена и цврсто притисната заради траен, непробоен спој без проблеми.

Restrained Joints:
Уклештени споеви ќе бидат ограничени споеви без шрафови, користејќи зативни елементи.

Flanged Pipe:
Цевки со прирабници како што се цевки со прирабница x зарамнет крај, прирабница x прирабница, наглавка x прирабница, ќе бидат статички лиени или произведени од Класа K12 или према ISO 2531. Прирабниците ќе се со завртка или неодвои во излиени. Прирабниците ќе бидат со рамна површина или подигната површина по избор на производителот. Пудловани прирабници или sидни стеги за поставување во бетонски зидови треба да бидат фабрички заварени или заедно излиени.

Испитување:
Цевките од нодуларен лив ќе се испитуваат према ISO 2531, со дополнителни услови кои се овде предвидени.

Материјал:
Нодуларен лив кој се користи во производството на цевките треба да биде према ISO 2531, со дополнителни услови кои се овде предвидени.

Ознаки:
Секоја цевка треба да биде означена према ISO 2531, со етикета, боја, излиено или ладно втиснатa ознака, во зависност од самата ознака и производот, (ознаки на надворешноста на цевката треба да бидат 25мм висина за 400мм и помала; и 50мм висина за 450мм и поголеми големини на цевка):

-Должина, ако цевката не е номинална должина од 6 м
-Калибрирана цевка треба да има обоена зелена трака позади цевниот наглавок која покажува дека цевката е соодветна за теренско сечење
-Име на производителот или заштитен знак
-Година на производство
-Две ободни линии на заравнетиот крај на цевката за да се обезбеди визуелна проверка дека зарамнетиот крај е соодветно вметнат во спојот.

ЦЕВЕН ПРИБОР
Push-On Fittings:
Цевен прибор за наглавки од нодуларен лив треба да бидат Push-On Joint fittingds произведени према ISO 2531. Лакови и прави редукции треба да бидат Class K 12 а T – парчиња треба да бидат Class K 14.

Restrained Joints:
Уклештени споеви треба да бидат без шрафови, користејќи Push-On Joint елементи за заптивање.

Споеви со прирабница:
Цевен прибор со прирабница треба да биде PN10, PN16, или PN25 со димензии према ISO 7005-2. Прирабниците може да бидат рамни или со подигната површина по избор на производителот. Сите прирабници на статички лиен цевен прибор треба да бидат заедно излиени.

Испитување:
Секое парче од цевниот прибор ќе се подвргне на фабричко испитување при 1 бар према ISO 2531.

Материјал:
Нодуларен лив кој се користи во производството на цевниот прибор треба да биде према ISO 2531.

Ознаки:
Секое парче цевен прибор треба да биде означено према ISO 2531, со етикета, боја, излиено или ладно втиснатa ознака, во зависност од самата ознака и производот:

- Големина
- Тип на лак: односно 1/4, 1/8, 1/16, 1/32.
- ISO 2531.
- Година на производство за цевен прибор поголем од 300мм

- Име на производителот или заштитен знак.

ПРИБОР ЗА СПОЕВИ

Заптивки:
Push-On Joint заптивки треба да бидат профилирани SBR гумена заптивка према ANSI/AWWA C111/A21.11 ISO 4633.

Прибор за споеви со прирабници:
Заптивки за спој со прирабница треба да бидат со 3 мм нормална дебелина, прстен или SBR гумена заптивка, шрафови, навртки и подлошки треба да бидат од поцинкуван челик.

Мазиво за цевни споеви за Push-On Joints:
Fastite мазиво треба да биде потврдено према условите на стандардот ANSI/NSF 61 за контактот со вода за пиење.

ОБЛОГИ

Премаз за цевки од нодуларен лив и цевен прибор:

Условите за внатрешна облога за приклучна цевка за канализација (pH> 5.5):цементна облога со заптивен премаз. Цементот треба да биде отпорен на сулфати Тип 5 према ASTM C150 или еднакво на тоа ако се одобри.

Условите за внатрешна облога за приклучни цевки на канализација со потенцијал за создавање киселина на темето на цевката (pH > 5.5):

Полиетиленска облога
Облогата треба да се состои од со топење споен епоксидент основен премаз 125 микрони номинален со поврашински премаз од 1375 микрони номинален со топење споен полиетилен. Вкупната дебелина ќе биде 1500 микрони номинално со минимум 1250 микрони во трупот на цевката.

Полиуретанска облога
Облогата ќе биде 100% цврсти тела полиуретан со минимум дебелина од 1000 микрони.

НАДВОРЕШНИ ПРЕМАЗИ

Премаз за цевки од нодуларен лив и цевен прибор:
Цевките од нодуларен лив и цевен прибор надворешно ќе се премачкаат со црна битуменска боја со средна цебелина на сув слој од најмалку 70 микрони. Премазот треба да биде гладок, нити крт кога ќе се изложи на сонце и треба цврсто да прилепува на цевката.

Наглавки и зарамнети краеви на цевки и цевен прибор од нодуларен лив:
Сите цевки и цевен прибор од нодуларен лив обложени со цементен малтер треба да имаат премаз од црна битуменска боја приближно 50 микрони дебела на внатрешноста на наглавците и надворешноста на зарамнетите краеви.

Визуелна контрола и испитувања на постојаност на формата:
Треба соодветно визуелно да се испита надворешниот премаз и поврашините на внатрешната облога на цевките и цевниот прибор како и да се извршат соодветни мерења на дебелината на sидот, надворешните пречници на зарамнетиот крај на цевките (кој влегува во наглавката), внатрешните пречници на наглавката како и другите димензии за да се провери дали завршениот продукт одговара на спецификациите.

6.2. Приклучување на постоечката канализација

За да се изврши приклучување на постоечката канализација, Изведувачот ке набави потребен цевен прибор и преодни парчиња.

Ќе се користат цевни преодни парчиња кои се определени од страна на производителот за избраниот материал на цевките или дупли клизни флексибилни наглавки. Овие наглавки ќе бидат U-Flex, GGG 50 со заменливи заптивни и притисни прстени, PN 1, вклучувајки завртки и навртки DIN 601 од топлопоцинкуван челик, квалитет 4.6 со равни заптивки со метални уметоци.

Таму каде на цртежите е означена постоечката турска канализација Изведувачот ќе обезбеди водонепропусно Приклучување помеѓу нова и постоечка канализациона цевка.

На приклучокот Изведувачот ќе изsида 25см sид со малтер (класа II а).

За да се овозможи флексибилно влегување на sидот, просторот помеѓу sидот и надворешната површина на цевката ќе биде приближно 30 мм. Во просторот помеѓу sидот и цевката Изведувачот ќе употреби двокомпонентна трајна еластична полисулфидна смеса за затворање во комбинација со еднокомпонентна епоксидна ињекциона маса. Епоксидната ињекциона маса треба да има јакост на притисок од 65-80 MPa после 28 дена.

6.3. Бушење и заптивање

Заради флексибилно и водо непропусно приклучување на новите цевки на постоечките шахти Изведувачот ќе избуши отвор во sидот и постави заптивка.
Овие заптивки ќе бидат за приклучување на цевки на постоечките бетонски шахти за:

- PVC KG цевки и цевен прибор према DIN 19534
- Глазирани керамички цевки према DIN EN 295
- GRP цевки према DIN 16869
- Polyethylene цевки
- Цевки од нодуларен лив
- Префабрикувани армиранобетонски цевки (K – GM) према DIN 4035

Заптивката треба да има стабилно основно тело кое има заптивни усни со клинест агол за да се обезбеди автоматско наместување во средината на испусната цевка.

Прстенастата заптивка ќе се турне во избушениот отвор. Заптивниот прстен (огрлица) на заптивката ќе ја држив о место за време на внетнувањето на цевката.

Заптивката треба да се постави во отворот пред приклучување на цевката. Димензиите на истата треба да бидат точно према растојанието помеѓу избушениот sид и крајот на цевката.

Заптивките треба да се испитаат на отпорност на надворешен и внатрешен притисок на вода од 0.5 бари.
Заптивките треба да се отпорни и стабилни на водениот притисок за време на чистењето на цевководот.

Материјал: Styrole-butadiene гума (SBR) или nitrile-butadiene гума (NBR)
еластомер према DIN EN 681-1 (DIN 4060)
Степен на цврстина: заптивки: 50 $\pm$ 5 IRHD

Пречникот на бушотината ќе биде према производителот на заптивката.

За инсталирање се применува DIN EN 1610

Бушотината и заптивката како и крајот на цевката кој треба да се вметне треба да бидат чисти. Користење на мазиво не се дозволува за вметнување на заптивката во

бушотината. Предходното туркање на прстенестата заптивка мора еднакво да се дистрибуира.

Крајот на цевката со доволно заоблување или закосување добро ќе се намачка со мазиво, особено кога се работи за рапава површина. Крајот на цевката треба централно да се вметнува во наглавката и турка во длабината на бушотината до крај. На тој начин се создава флексибилна врска. Потоа ќе биде можен лак од до 10^{o} за мали пречници.
Целосно еластичната заптивка ќе овозможи особено некомплицирано, професионално и флексибилно приклучување.

6.4. Испирање

Пред пуштање во работа Изведувачот ќе изврши чистење на канализационите цевки, вклучувајки испорака на детергент и одвоз на наслагите.

6.5. Испитување на течење

Со цел да се докаже водонепропусливоста ќе се изврши испитување на течење према DIN EN 1610 и Worksheet ATV-DVWK-A 139 со притисок на темето на цевката помеѓу 10 и 50 кPa. Цевководот ќе се исполни со вода 1 час пред извршувањето на самото испитување за 30 минути. Цевката ќе го помине тестот ако количината на вода која треба да се додаде за тоа време не е поголема од:
-0.15 l/m^2 за цевководи и канализациони цевки
-0.20 l/m^2 за цевководи и канализациони цевки со шахти

6.6. Испитување на угиб

Угибот кај Флексибилните цевки ќе се испита на усогласеност со статичката пресметка. Промената на пречникот не сме да биде поголема од бројките за краткотрајна и долготрајна деформација како е покажано во статичката пресметка.(види ATV-DVWK-A 127). Дозволените краткотрајни и долготрајни вредности ги земаат во предвид реалните услови на инсталирање и долготрајни деформации према ATV-DVWK-A 127.

Промената на пречникот може да се испита оптички или механички.
Критериумот за прием е дозволивата вредност за краткотрајната деформација која е определена во статичката пресметка.

Пред испитувањето, делот ид цевката која треба да се испита треба да се исчисти. За време на испитувањето треба да се измери хоризонталниот и вертикалниот пречник.
Максималните одстапувања од првобитната состојба на цевката пред инсталирањето ќе се прикажат на диаграм во записникот за испитувањето.

6.7. Контрола со камера на канализационен вод

Пред пуштањето во работа, Изведувачот ќе изведе инспекција на канализационите цевки користејќи камера согласно упатството на Водовод и запис на CD-ROM.

Следните податоци мора да се вклучени во записите на CD-ROM:

-Пречник на цевката
-материјали на цевките
-должина на канализационата цевка
-локација и тип на канализационата цевка
-број на шахти и стационажа
-Локација на канализационите приклучоци
-атест од специјализираната компанија
-датум и време на инспекцијата
-Снимање на ограноците (рачва) и оштетувањата итн.

Доставувањето на CD-ROM ин а писмениот извештај за проценката треба да се вклучат во единечната цена.

6.8. Контролни шахти

6.8.1. Слој на неармиран бетон

За шахтите од бетон во префабрикувани елементи, Изведувачот ќе изведе подлога од неармиран бетон со дебелина од 10см и јакост од 15 N/mm^2.

6.8.2. Контролни шахти

6.8.2.1. Проектни услови

За контрола и чистење на новите канализациони цевки.
Изведувачот ќе инсталира контролни шахти. Шахтите ќе се изведат на место каде цевките го менуваат правецот и при влезови на други колектори.

Испораката на сите делови треба да започне единствено откако ќе се изврши контрола на локалните услови на градилиштето.

Ако внатрешниот пад меѓу дното на поврзаните цевки е помал од најголемиот пречник на приклучена цевка, тогаш дното на каналот ќе се обликува да овозможи постепено преоѓање меѓу дното на приклучените цевки без никакви падови.

Кога падот меѓу приклучените цевки е поголем од 1.00м, шахтите треба да имаат и да се постават со надворешен пад према ATV и други соодветни прописи.

Пречникот на шахтата DNs во зависност од пречникот на приклучната цевка DN ќе биде како е прикажано во наредната табела:

DN	200	250	300	350	400	500	600	700	800	900	1000	1200	1400
DNs	1000	1000	1000	1000	1000	1000	1000	1200	1200	1400	1400	1600	1600

Основата на шахтата ќе се проектира за да обезбеди стабилност од испливување.

Шахтата треба да има пењалици према DIN 1211 Model E со антикорозивен епоксиден премаз во зидовите на профилите.

Подножниот свод на шахтите ќе се формира така да биде гладок и да не го посметува течењето на канализационата вода. Врвот од проточните канали во основата на шахтата треба да биде еднаков на врвот на цевката. Подестот на шахтата ќе биде искосен од sидната линија до ивицата на проточниот канал во нагиб од 1:20.....
За да се овозможи по лесно влегување на цевките со голем пречник, почнувајќи од номинален пречник на цевка од DN 700, шахтите може да бидат од типот тангенцијални со номинален пречник од DN 1000. Тангенцијалните шахти треба да имаат обилазен влез и бочен подест. Ако кај локацујата на тангецијалните шахти се потребни лакови, угибот на цевката на треба да биде поголем од 25 gon. Ако е потребно, ќе се користат дополнителни лакови.

6.8.2.2. Приклучоци цевка-на-шахта

Во склоп на шахтите треба да се вклучени флексибилни водонепропусни цевка-на-шахта приклучоци како е предвидено од страна на произведителот на цевките и како е прикажано на цртежите.

Флексибилните водонепропусни цевка-на шахта приклучоци треба да бидат:
-облога на окното со песочна облога
-цевен влез во песок-обложена заштита на цевка со заптивка

Облогата на окно и заштитни цевки ќе се инсталираат за време на производството на префабрикување бетонски елементи во фабриката на производителот.

Подоцнежно изведување на градилиштето на видни отвори за цевни приклучоци не се прифаќа.

6.8.2.2. Шахти од бетон во префабрикувани елементи

Кружните шахти од бетонски префабрикувани елементи треба да бидат према DIN 4034. Префабрикуваните бетонски елементи треба да имаат етикета за извршена контрола на квалитет од потврдена фабрика за бетон.

Бетонот треба да има висока отпорност на сулфати и ниска алкалност према DIN 4034. Освен ако не се одобри поинаку, ќе се користи металуршки цемент CEM III/B DIN 1164 према Националните стандарди и треба да има максимален процент на C3A (Tricalciumaluminat) 3%. Ќе се користат цементи со ниска хидратациона топлина.

Заради очекуваните товари бетон треба да биде водонепропуслив(Длабочина на продирање: ≤ 5 см), отпорен на "висока" хемиска корозија према DIN 4030 и висока отпорност на мраз.

Јакоста на бетонот треба да биде 45 Nmm^2. Арматурата треба да биде према ДИН 488 и отпорна на напрегањата пред и за време на поставувањето.

Шахтата треба да вклучува:
-Префабрикувана основа,
-Base section,
-Riser sections (со различни висини од 0.25 до 1.00м),
-Нагибни прстени за прецизно подесување на "пета фасада" во различни висини од 60 до 100мм),
-Конусен профил 600/1000 мм,
-Бетонска покривна плоча.

Споевите треба да бидат единечни свиени колена со socket joint sealing со прстенаста заптивка од еластомер DIN 4060, Part 1.

Каналската облога на основата на префабрикуваната шахта ќе биде половинки цевки од глазирана керамика или канализациони цигли. Платформите ќе бидат обложени со канализациони цигли или клинкер четвртинки цигли. Облогата не се однесува на шахти за атмосверска вода.

6.8.2.3. GRP Шахти

Контролните шахти ќе бидат од GRP во склад со DIN 19565 Part 5. Монолитната конструкција на окното отпорна на корозија (надворешна и внатрешна птпорност на корозија), проточниот канал и подестот ќе бидат GRP.

Шахтата ќе вклучува:
- Префабрикувана основа со проточен канал и подест,
- Окно,
- Покривна плоча,
- Нагибни прстени за прецизно подесување на "пета фасада".

6.8.2.5. Шахти лиени на лице место

Квалитет на бетон
DIN 1045 ќе важи за сите бетонски работи.

Како подлога за армиранобетонска подна плоча на шахтата Изведувачот ќе изведе слој од неармиран бетон, најмалку 10см дебел со јакост од 15 N/mm^2.
За армиранобетонски шахти ќе се користи бетон со јакост 35 N/mm^2.

Неармиран бетон со јакост 25 N/mm^2 ќе се користи за проточните канали.
Бетонските мешавини мора да бидат према следната табела:

Карактеристики на јакост на притисок (N/mm^2) (28 дена)	35
Максимален водо/цементен фактор	0.55
Минимална количина на цемент (kg/m^3)	350
Максимална големина на агрегат (mm)	32

Освен ако не се одобри поинаку, ќе се користи металуршки цемент CEM III/B DIN 1164 према Националните Стандард и треба да има максимален процент на C3A (Tricalciumaluminat) 3%.

Заради очекуваните товари бетонот треба да биде водонепропуслив (Длабочина на продирање: < 5 см), отпорен на "висока" хемиска корозија према DIN 4030 и висока отпорност на мраз.

Температурата на свежо измешаниот бетон несмее да биде под +5°C и не повисока од +30°C.

Контролата на квалитетот и анализа на потребната влажност параметарот на стврднатиот бетон ќе бидат према DIN 1045. Испитувањата ќе се извршат према DIN 1048 Part 1 и 5.

Арматура

Арматурниот челик ќе биде ребраст (во хоризонтален и вертикален правец) со граница на развлекување од 500 N/mm^2 према ДИН 488. Бетонското покривање на арматурата треба треба да биде 4.0 см. Изведувачот ќе користи дистанцери при поставување на арматурата во оплатата за време на лиењето на бетонот и при обезбедувањето на потребното покривање.

Оплата

Оплатата треба да биде доволно крута и добро заптивена за да се спречи губиток на малтер од бетонската мешавина и да се задражи точната положба, облик и димензии на завршената работа. Оплатата треба да мозе да се одстранува од излиениот бетон без удар или Оштетување.

Темелна земја

За главната еквипотенцијална врска, ќе се постави поцинкувана челична трака со попречен пресек од 30x3.5 мм на долниот армирачки слој од армиранобетонската подна плоча како темелна земја, вклучувајки ги сите пратечки работи, дистанцери, поврзување за арматурата и спони ушки. Поцинкуваната челична трака треба да формира прстен. Бетонската покривка на челичната трака треба да биде најмалку 5 см.

Двете спојни ушки ќе бидат од поцинкуван тракаст челик со попречен пресек од 30x3.5 мм према DIN 18014 and 18015. Изведувачот ќе се погрижи за комплетна заштита од корозија на спојните ушки.

Градежни спојници (фуги)

Пред да се продолжи со бетонирање кај некоја спојница, огрубените површини треба да се измијат од целиот неврзан материал и ќе бидат без површинско потење, уље за оплата и маст. Овие површини добро ќе се навалжат, најдобро со топење преку ноќта, со тоа што треба да се води сметка да се избегне слободна вода на хоризонталните површини непосредно пред бетонирањето.

Трака за спојници од експандирана гума треба да се постави на сите градежни фуги за да се спречи влегување на подземната вода.

Пењалици

Секоја шахта треба да биде опремена со пењалици према DIN 1212, Tupe E.Отвори за анкерблоковите во ѕидот ќе се избушат и исполнат со цемент малтер за инјектирање, после инсталирањето на пењалиците. Првото скалило ќе се постави 30 см. Челичните површини ќе се премачкаат со антикорозивен премаз.

Газишта

За пристап до проточниот канал за атмосверскиот преливен објект, ќе се инсталираат газишта. Газиштата ќе бидат од нергосувачки челик (Материал 1.4571). Ширината на газиштата ќе биде 15см за единечните газишта и 30см за дуплите газишта.

6.8.3. Лиеножелезни капаци на шахта

Лиеножелезни капаци на шахта:

Пречник:	600mm
Капак и рамка за шахта:	DIN 1229 Class D 400, EN 124
Рамка:	Лиено железо со бетон,
Поклопец:	Лиено железо со бетон, со 2 џепови за подигање

Втиснатиот текст на капакот ќе биде како ќе бара Инвеститорот.

6.8.4. Сливници

Сливниците (со воден затварач), F, DIN 1221, ќе бидат поцинкуван челик, со попречна шипка и компатиблини на капакот на шахтата.

6.8.5. Испитување на пропуштање

За да се демонстрира водонепропусноста ќе се изведе испитување на пропуштање према DIN EN 1610. Шахтата треба претходно да се наполни со вода 1 час пред изведувањето на испитувањето за 30 минути. Шахтата го поминува испитувањето ако количината на водата која треба да се додаде за ова време не е поголема од 0.40 л/м^2. Изведувачот треба претходно да го достави и одвезе медиумот за испитување.

6.9. Преодна шахта за отпадни води - WAC

Преодната шахта за отпадни води WAC, округли, внатрешен пречник 400мм, од префабрикувани пластични елементи DIN EN 476, со DIBt Certifikate, со статичка пресметка за Товар од собракај, земја, подземна вода и стабилност од плутање (подигање), без пењалици или скала.

Кога е прикажанон а цртежите WAC ќе има надворешен пад DN 150 вклучувајки цевки и цевен прибор према DIN 19534, димензија на падот како е прикажанон а цртежите.

Преодна шахта за отпадни води WAC ќе вклучува:

- Темел (основа) на шахта од неопрен PP, со ребра за ојачување, со минимум радиус од 5мм заради заштитан а кабрл при преминмот на приклучната наглавка и вертикална цевка. Проточниот канал да ја поминува основата на шахтата во права линија (180^o). Врвот на одмориштето да биде еднаков со врвот на цевката. Димензиите на приклучоците до DN 300 како е прикажано на цртежите. Преодните парчиња за различни материјали на цевка треба да бидат вклучени во понудата.

- Вертикалните цевки DN 400 со рамна зидна површина. Должината према длабочината на шахтата како е прикажано во главниот проект кој треба да го изготви Изведувачот. Вертикалната цевка со обиколен жлеб за заптивниот прстен со елементи кои се склизнуваат во точна положба и закосени цевни краеви.

- Телескопната облога, класа на товар D 400 (40 тонс) со лиеножелезен капак и рамка, со неопренска огрлица со елементи кои се склизнуваат во правата положба заради фиксен приклучок на вертикалната цевка, без отвори за вентилација и слибници, поклопец со шрафови, отпорно на атмосверски влијанија.

Телескопската облога ќе се постави на темел од неармиран бетон лиен на лице место (јакост: 15 N/mm^2) дебелина 20см. Поставувањето на WAC ќе биде према упатството на производителот.

6.9.1. Испитување на пропуштање

За да се демонстрира водонепропусноста ќе се изведе испитување на пропуштање према DIN EN 1610. Шахтата треба предходно да се наполни со вода 1 час пред изведување на испитувањето за 30 минути. Шахтата го поминува испитувањето ако количината на водата која треба да се додаде за ова време не е поголема од 0.40 $л/м^2$. Изведувачот треба да го достави и одвезе медиумот за испитувањето.

7. Канализациони приклучоци

Канализационите приклучоци може да се изведат со инсталирање на проста коса рачва или Т-комад на главната канализациона цевка како е прикачано на цртежите.

Минимумот косина на гравитационен канализационен приклучок ќе биде 1:100.

За канализационите цевки до пречник од DN 800 приклучното место на колекторот ќе биде помеѓу линијата на ослонецот и врвот на цевката.

Секогаш кога полагањето на цевките е прекинато или ровот е оставен без контрола, отворените краеви на цевките ќе се затворат со водонепропусни цевни чепови или водонепропусни капи на цевен прибор.

7.1. Цевки

Цевките ќе бидат PVC-KG, PN 1, не-повекеслојни, едниот крај со зарамнет крај на цевката, ребраста површина на надворешниот ѕид, глатки внатрешни површини, класа на крутост према DIN 16961, сериес SN 8 со ознака на контрола на квалитет RAL и ознака за испитување PA.
Цевен прибор:PVC-U-DIN 1953 вклучувајки претходно инсталирана заптивка “lipsealing”
Нормален пречник: DN 150

7.2. Цевни преодни парчиња

За премин на различни материјали на цевките ќе се користат цевни преодни парчиња кои се определени од страна на производителот за избраниот материјал на цевките или дупли клизни флексибилни наглавки. Дуплите клизни флексибилни наглавки ќе бидат U-Flex, GGG 50 со заменсливи заптивки и притисни прстени, PN 1, вклучувајки завртки и навртки DIN 601 од топлопоцинкуван челик, квалитет 4.6 со равни заптивки со метални уметоци.

7.3. Ревизиони шахти во кои не се влегува

За ревизија на внатрешните (куќни) приклучни цевни водови, Изведувачот ќе обезбеди ревизиони шахти во кои не се влегува DN 400 на растојание од 1 м во приватната сопственост како е прикажанон а цртежите и Предмер- Пресметка.

Ревизиони шахти во кои не се влегува вклучувајки капак ќе се инсталираат према упатството на производителот.

Ревизионите шахти ќе вклучуваат:
- NIC подлога, неопрене со обликувани KG-наглавци DN 150, вклучувајки една заптивка за секоја наглавка.
- Окно DN 400, PVC-U.
- Телескопска облога зашрафена за лиенижелезниот капак, телескопска цевка DN 300, PVC-U и телескопска обујмица, димензии: H = 625 mm for B 125, H = 645 mm for D 400.

8. Работи на патот

8.1. Асфалтен пат

Кога е прикажанон а цртежите, Изведувачот ќе го врати во првобитната состојба патот после изградбата на канализационите цевки и шахти према следните спецификации:

Слој	Дебелина на слојот(sm)	Модул на деформација Ev_2 (MN/m^2)
Асфалтен абујучи слој	5	
Асфалтен носечки слој	14	
Шљунак за заштита од мраз/макадам слој	52	120
Постелка		45

Изведувачот ќе изврши испитувања (односно испитување на оптеретување со плоча према DIN 18134) заради потврда на потребните степени на набивање.

Заради одредување на атмосверската вода површината на патот треба да има попречен пад од 2.5%.

8.2. Бетонски пат

Кога новиот цевковод е положен под постоечкиот бетонски пат, Изведувачот ќе ги изведе следните слоеви заради реконструкција на површината на патот. Изведувачот ќе изведе испитувања (односно испитување на Товар према DIN 18134) заради потврда на потребните степените степени на набивање.

Слој	Дебелина на слој(sm)	Модул на деформација Ev_2 (MN/m^2)
Бетонски абајучи слој	20	
Шљунак за заштита од мраз/макадамски слој	50	120
Постелка		45

8.3. Застор од базалтни коцки

Постоечките базалтни коцки за поплочување 12x12 см ќе се одстранат од местото на ископот и одвезат до вребено складиштето на градилиште заради повторна употреба.

Кога е прикажано на цртежите Изведувачот ќе го врати патот во првобитната состојба со базалтни коцки за поплочување од временото складиште на градилиште и нови коцки за поплочување :

Слој	Дебелина на слој(sm)	Модул на деформација Ev_2 (MN/m^2)
Базалтни коцки за поплочување	12	
Слој од песок (големина на зрно 0-4мм)	3	
Шљунак за заштита од мразмкадамски слој	55	120
		45

Изведувачот ќе изврши испитувања (односно испитување согласно ДИН 18134) заради потврда на определените степени на набивање.

За одведување на атмосверска вода површината на патот ќе има попречет пад со нагиб од 2.5%.

После полагањето на коцките за поплочување, размаците ќе се пополнат со песок (големина на зрно 0-4мм). За време на насипувањето ќе се додава вода заради подобро набивање.

8.4. Тротоари / Пешачки стази

Кога е предвидено на цртежите Изведувачот ќе ја врати во првобитна состојба пешачката стаза према следните спецификации.

Бетонски плочи за поплочување:

Слој	Дебелина на слој(sm)	Модул на деформација Ev_2 (MN/m^2)
Бетонски плочи за поплочување 30x30x6см	6	
Слој од песок (големина на зрно 0-4мм)	3	
Подлога од шљунак	20	80
Постелка		45

Асфалтен абајучи слој:

Слој	Дебелина на слој(sm)	Модул на деформација Ev_2 (MN/m^2)
Асфалтен слој за абење, дебелина 6 см	6	
Подлога од шљунак	20	80
Постелка		45

Изведувачот ќе изврши испитувања (односно испитување согласно DIN 18134) заради потврда на определените степени на набивање.

За одведување на поврашинската вода, површината на пешачката стаза/тротоар ќе биде со нагиб од 2.5%. Тротоарите ќе бидат со ивичњаци 5 x 25 см положени во бетонска подлога. Фугите помеѓу бетонските плочи ќе се исполнат со песок (големина на зрно 0-4мм).

8.5. Улици (патишта) за пристап до згради

Изведувачот ќе ги изведе следнитеслоеви за изградба на пристапните улици (патишта) како е прикажанон а цртежите и Предмерите:

Слој	Дебелина на слој(sm)	Модул на деформација Ev_2 (MN/m^2)
Бетонски коцки за поплочување 200x100x80мм	8	
Слој од песок (големина на зрно 0-4мм)	3	
Подлога од шљунак	30	100
Постелка		45

Изведувачот ке изврши испитувања (односно испитување согласно DIN 18134) заради потврда на определените степени на набивање.

После полагањето на коцките за поплочување, размаците ќе се пополнат со песок (големина на зрно 0-4мм). За време на насипувањето ќе се додава вода заради подобро набивање.
Тротоарите/пешачките стази ќе бидат затворени со бетонски ивичњаци према DIN 483 15x30 sm поставени врз бетонска подлога (дебела 20 см). За улици (патишта) за пристап до зградите ќе се користат ивичњаци во ниво (упуштени).

8.6. Ивичњаци

Кога е прикажанон а цртежите патот ќе биде оивичен со бетонски ивичњаци према DIN 483 15x30sm поставени врз бетонска подлога (дебелина 20 см). Издигнати ивичњаци ќе се користат на двете страни на патот.
Ивичњаци во ниво (упуштени) ќе се користат за улици (патишта) за пристап до згради.

Ивичњаци за кривини и ивичњаци за прелазни кривини подигнати/во ниво ќе се вклучат во понудата.

8.7. Елементи за ригола

Кога е прикажанон а цртежите Изведувачот ќе постави бетонски елементи за ригола 16x16x14 см врз бетонска подлога (дебела 20 см) на патот.

Кога е прикажанон а цртежите Изведувачот ќе постави бетонски елементи за ригола 30 см широки врз бетонска подлога (дебелина 20 см) на патот.

8.8. Одводи за поројни води

Изведувачот ќе обезбеди одводи за атмосверска вода во ивичњак и пат за одвод на атмосверска вода од патот, на местата означени на цртежите вклучувајки ги сите градежни работи.

ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со овој елаборат се предвидуваат посебни мерки за заштита при работа кои се применуваат при изведување на градежни работи.

Како градежни работи во смисла на овој елаборат не се сметаат работите кои се иззведуваат во погони или помошни работилници на градилиштето.

На орудијата за работа, уредите и другите средства за работа кои се користат во градежништвото, се спроведуваат мерките за заштита утврдени со правилник и со другите прописи донесени врз основа на Законот за заштита при работа.

2. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДИЛИШТЕТО

Градилиштето треба да биде уредено така да овозможи непречено и безбедно изведување на сите градежни работи од почетокот до завршетокот на изградбата на инвестициониот објект. Градилиштето се уредува врз основа на посебен Правилник кој ги содржи мерките за заштита при работа:

1. Обезбедување на градилиштето од пристап на невработени лица;
2. Уредување и одржување на сообраќајниците околу и во градилиштето;
3. Определување на местото, просторот и начинот на разместување и складирање на градежните материјали;
4. Изградба и уредување на просторот за чување на опасни материјали;
5. Начин на транспортирање, на товарење, истовар и депонирање на разни видови градежни материјали и тешки елементи;
6. Обезбедување на опасни места и загрозени простории на градилиштето;
7. Начин на работа на опасни места каде што се појавуваат штетни гасови, прав, пареа, бучава и вибрации, односно каде што може да настане оган и слично;
8. Уредување на електрични инсталации за погон и осветление на одделни места на градилиштето;
9. Определување на видот и сместувањето на градежните машини и постројки и нивно соодветно обезбедување со оглед на локацијата на градилиштето;
10. Определување на видот и начинот на изведување на градежните скелиња;

11. Начинот за заштита од паѓање од височина или во длабочина;

12. Определување на работите и работните задачи на кои постои зголемена опасност по животот и здравјето на работниците, како и видовите и количината на потербните лични и заштитни средства и заштитна опрема;

13. Изградба, уредување и одржување на санитарните јазли на градилиштето;

14. Начин на снабдување на градилиштето со вода за пиење и за технички потреби;

15. Организирање прва помош на градилиштето;

16. Организирање на престој, исхрана и превоз на работниците на градилиштето и од градилиштето.

Пред отпочнување на работата на градилиштето мора да се обезбедат објекти за сместување и исхрана на работниците и хигиено санитарни уреди во согласност со важечките прописи за заштита при работа. На секое градилиште се организира и ефикасна служба за прва помош за вршење на интервенции при повреди на работници при работа.

3. ОСИГУРУВАЊЕ НА ГРАДИЛИШТЕТО ПРЕМА ОКОЛИНАТА

Сите трговски друштва кои ги изведуваат работите од областа на градежништвото, должни се да постават ограда околу градилиштето, односно на друг начин ги осигуруваат границите на градилиштето како обврска на осигурување на градилиштето према околината.

Потреба за изградба на ограда околу градилиштето има заради тоа што луѓето кои се движат во близина на градилиштето или низ еден негов дел можат да се повредат бидејќи не се доволно запознати со изворот на опасностите.

Ако градилиштето опфаќа голем комплекс од земјиштето така да не е можно да се огради целото подрачје на градилиштето каков што е случајот со комунална дејност како што се водовод и канализација, патишта, озеленување и др., се оградуваат само оние делови на градилиштето каде што постои опасност за пречење во работата или опасност од отуѓување на материјали, машини, алат, инвентар, потоа на места каде што се движат луѓе, а можат лесно да бидат повредени.

Ограда околу градилиштето може да биде изведена како:

1. Ограда од плетена или бодликава жица;

2. Монтажна ограда.

4. СМЕСТУВАЊЕ, ИСХРАНА И ПРЕВОЗ НА ГРАДИЛИШТЕТО

Трговското друштво кое ги изведува работите должно е да обезбеди смештај на работниците било да е тоа вон или во од седиштето на друштвото каде што ги изведува работите, и тоа за самци да обезбеди објект за сместување.

Гардероби на градилиштето се поставуваат за пресоблекување и повремено загревање на работниците. Овие гардероби воедно претставуваат и склониште за работниците во случај на временски непогоди.

Гардеробите се обично монтажни и се поставуваат на места каде не постои опасност од поплави, одрон од земја или камења, на терен кој не е мочуришен и е добро пристапен. За секој работник мора да се обезбеди 0.7 m^2 површина на под. Во просторијата треба да има вешалки или гардеробни ормани. Потребно е истите секој ден да се чистат и освежуваат, а зиме мора да бидат загревани. Во истата барака се предвидува посебна просторија за исхрана.

Привремени објекти за сместување и исхрана на работниците мора да се изградат ако градилиштето е вон седиштето на друштвото и на оддалеченост поголема од 50 km во една насока.

Привремените објекти за сместување и исхрана изградени од монтажно - демонтажни елементи треба да ги исполнуваат техничките прописи за хидро и термичка изолација.

Привремените објекти за сместување во поглед на условите за становање и хигиено - санитарни услови треба да ги исполнуваат минималните услови и стандарди кои важат за објекти од траен карактер.

При одредувањето на локацијата за изградба на привремените објекти за сместување и исхрана треба да се води сметка за климатските услови, условите за водоснабдување со доволна количина вода за пиење и одржување на личната хигиена, оддалеченоста од сообраќајниците, опасноста од лавина, поплава, , одронување на земјиште и камења и можност за изградба терени за рекреација ако такви терени нема во близина.

Привремените објекти за сместување и исхрана се лоцираат така што за време на одморот работниците се заштитени од бука, прашина и други штетни влијанија кои се јавуваат при изведувањето на работите водејќи при тоа сметка и за оддалеченоста од градилиштето.

На секое градилиште мора да има обезбедено санитарни јазли.

5. ЗЕМЈАНИ РАБОТИ

При изведувањето на земјани работи на длабочина поголема од 100 cm. задолжително се превземаат заштитни мерки против рушење на земјаните слоеви од бочните страни и против обрушување на ископаните материјали.

Копањето земја на длабочина поголема од 100 cm. се изведува под контрола на стручно лице.

При машинско копање земја, ракувачот со машината и раководителот на работите се должни да се грижат за безбедноста на работниците што работат околу машината за ископ на земјата.

Работите на подградување и разупирање на ископи се изведуваат стручно, врз основа на соодветни нормативи или статички пресметки и цртежи.

При ископ на земја или чистење на затрупана јама, бунари, канали и слично, мора претходно да се провери дали евентуално нема јаглен моноксид, односно други штетни запаливи или експлозивни гасови.

За слегување на работниците во ископот и излегување од ископот, мора да се обезбеди цврста подвижна скала прописно заштитена од лизгање со должина што поминува над работ на ископот за најмалку 75 cm.

Наместо подвижна скала може да се предвиди изработка на соодветни скали и рампи, ако со тоа е обезбедено сигурно движење на работниците и за време на врнежи.

6. КОПАЊЕ НА РОВОВИ И КАНАЛИ

Ископ на земја во длабочина до 100 cm. за темели, канали и сл. може да се врши без разупирање, ако тоа цврстината на земјата го дозволува. Ископот на земја во длабочина поголема од 100 cm. може да се врши само со постепено обезбедување на бочните страни на ископот.

Разупирање на страните на ископот не е потребно ако бочните страни на ископот се под агол на внатрешното триење на почвата која се копа (природен нагиб на теренот) ниту при етажно копање во длабочина.

Рововите и каналите мора да се изведат во широчина која овозможува непречена работа на разупирањето на бочните страни, како и работа на работниците во нив.

Најмалата широчина на ровот, односно каналот длабок 100 cm. се определува слободно. При длабочина над 100 cm. ширината на ровот, односно каналот, мора да биде толкава, да по извршеното разупирање чистата широчина изнесува најмалку 60 cm.

Дрвото и другите материјали кои при ископот се употребуваат за разупирање на бочната страна на ровот и каналот, мора според својата цврстина и димензии да одговараат на целта закоја се наменети, согласно важечките технички прописи.

Разупирањето на рововите и каналите мора да одговара на геофизичките особини, растресеноста и притисокот на почвата во која се врши ископот, како и на соодветните статички пресметки.

Ископаниот материјал од рововите и каналите мора да се исфрли на потребна оддалеченост од ископот за де не постои можност за негово обрушување во ископот.

Растојанието помеѓу одделни елементи на оплатата на страните на ископот мора да се определи така што да се спречи растурање на земја, а во согласност со особините на почвата.

Оплатата за потпирање на бочните страни на ископот (ров, канал, јама) мора да излегуваат најмалку за 20 cm. над ровот на ископот, за да се спречи паѓање на материјалите од теренот во ископот.

При исфрлањето на земјата од ископт од длабочина над 200 cm. задолжително се употребуваат меѓуподови положени на посебни потпирачи. Меѓуподовите не смеат да се оптоваруваат со количина на ископаните материјали поголема од определената, со којаработникот мора да биде запознат пред почетокот на работата, и мора да имаат заштита на рабовите висока најмалку 20 cm.

Симнувањето на оплатата и насипувањето на ископот се врши под надзор на стручно лице. Ако вадењето на оплатата ја загрозува безбедноста на работниците, оплатата мора да се остави во ископот.

Средствата за спојување и зацврстување на деловите на потпирачите, како што се клинови, окови, винтови, шајки, жици и сл. треба да одговараат на важечките стандарди.

Ако ископот на земја за нов објект се врши на длабочина поголема од длабочината на темелите на непосредно постојан објект, таквата работа мора да се врши според посебен проект, со примена на мерки за заштита при работа и мерки за обезбедување на соодветен објект.

При машинско копање на ископ мора да се води сметка за стабилноста на машината.

При машинското копање ископаната земја се остава на оддалеченост што не ја загрозува стабилноста на страните на ископот, ако по извршениот ископ треба да се вршат и други работи во ископот, рабовите на ископот можат да се оптоварат со машини или други тешки уреди само ако се превземени мерки против обрушување кои можат да настанат поради таквите оптоварувања.

Ако во рововите и каналите со неразупирани страни на ископот се полагаат цевки, водови и сл., на местата на кои е неопходен пристап на работниците на дното на ископот заради вршење на потребните работи на тие цевки, водови и сл., бочните страни на ровот, односно каналот, во потребната широчина мора да се обезбедат од обрушување со разупирање, како што е предвидено со Законот за заштита при работа при изведување на градежни работи.

Забрането е спуштање на цевки, водово и сл. во рововите и каналите со градежни машини кои спрема упатствата на производителот не се наменети за дигање и спуштање на товари.

Пред отпочнување на градежните работи Изведувачот е должен да се обрати до сите комунални претпријатија и да побара потврда за постојните инфраструктурни инсталации, потоа да ги обележи местата на постојните инсталации кои се вкрстуваат со рововите за предвидената инфраструктура.

Ископите на овие места да се вршат исклучиво рачно и внимателно, како не би дошло до загрозување на животите на работниците што работат на изведувањето на градежните работи.

7. ШИРОКИ ИСКОПИ

Наклонот на бочните страни на широк ископ се определуваат според одредбите на правилникот за заштита при работа.

Ископи за усеци и засеци при градење на пристапни патишта и слично можат да се изведуваат само врз основа на соодветен проект.

Патиштата и рампите за одвезување на материјалот мора да одговараат на цврстината на теренот и превозните средства. Нивниот наклон не може да биде поголем од 40%.

Товарење на материјали на товарно возило со помош на натоварувач или друго механизирано средство не смее да се врши преку кабината на возилото, ако истата не е заштитена од механичко оштетување.

Потпирање на бочните страни на широки и длабоки ископи, како и изведување на слепи ѕидови, може да се врши според плановите и претходните пресметки, водејќи сметка за можноста од навлегување вода и од зголемени притисоци во ѕидовите на ископот.

Ако ископот се врши во близина на градежни и други објекти, кои можат да влијаат врз изведувањето на работите, ископот може да се врши со обезбедување на заштитни мерки предвидени со правилникот за заштита при работа при изведување на градежни работи.

8. ГРАДЕЖНИ МАШИНИ, УРЕДИ И АЛАТ ЗА РАБОТА

За градежните машини, уреди и алат кои ќе се наоѓаат во градилиштето, треба да се утврдат мерки со кои ќе се заштитат работниците, воедно да се осигура поголема производност и да се намалат прекините на работа.

Избор, разместување и заштита на градежни машини, уреди и алат се врши во склад со технологијата на работата.

Во склад со одредбите од “Правилникот за заштита на работниците на машини, уреди и алат“, на градилиште мора поединечно сите машини, уреди и алат да се прегледуваат така да луѓето кои се задолжени за преглед на истите, треба да го потполнат картонот за контролен преглед. Картоните треба да можат секогаш да

се стават на увид на надзорните органи како и на референтот на "Службата за заштита на работа". Осим периодични прегледи и испитување на строеви, уреди и механизиран алат, раководителите на поедини машини должни се секој ден пред почетокот на работите да извршат контрола на исправноста на машините, уредот или механизираниот алат. Рачниот алат исто треба повремено да се прегледува.

Со машините на градилиште ракуваат исклучиво стручно оспособени работници со соодветна квалификација и стручност.

Орадијата за работа на механизиран погон (градежните машини и уреди) што се употребуваат во градежништвото, во поглад на заштита при работа мора да одговараат на специфичните услови во градежништвото. Заштитните направи вградени во градежните машини и уреди мора да одговараат на условите на работа и степенот на загрозеност на работниците кои ракуваат со нив, временските услови, видот и особините на материјалите што се обработуваат.

Работниците кои ракуваат со градежните машини и уреди поставени на отворен простор и изложени на временски непогоди (дожд, снег, мраз и слично) мора да бидат на погоден начин заштитени од влијание на тие непогоди.

Ракувачот на градежна машина или уред што го раздвижува мотор со внатрешно согорување мора да биде заштитен од штетното дејство на издувните гасови на моторот.

Бучавата на градежните машини односно уреди не смее да ја преминува границата од 80 db.

Работниците кои работат кај уреди со јаки вибрации (сепарации, вибратори и слично), мора да бидат заштитени на погоден начин од штетното влијание на истите.

Градежните машини и уреди со вграден електромотор или електрична инсталација, мора да се заштитат од удар на електрична струја, според важечките технички прописи.

Деловите од самоодни градежни машини (багери, булдожери, плугови, валјаци, натоварувачи, дампери, ежови и друго) мора да се лесно и без опасност заменливи. Местото за ракување мора да е поставено така да на ракувачот со машината му овозможи лесна прегледност на теренот на кој се движи.

Рамките на подвижните делови на машината мора да бидат бојадисани со жолти или бели ленти под агол од 45^0 спрема хоризонталата, заради предупредување на опасност.

Самоодните градежни машини мора да имаат направа за давање звучни сигнали.

Рачните алати што се користат во градежништвото (лопата, мотика, копач, пила, сврдел, чекан, длето, секира и друго), во поглед на материјалот, формата и димензиите мора да одговараат на важечките прописи.

Рачниот алат на градилиштето мора да биде уредно и прегледно сложен и чуван во посебни складови.

Лицето чија должност е да го чува и сложува рачниот алат на градилиштето, мора секојдневно да ја проверува исправноста на алатот и оштетениот или неисправен алат веднаш да го исклучи од употреба.

Издавање и употреба неисправен и оштетен алат (со напукната работни површини, запци и рачки и слични оштетувања) е забрането.

Механизираниот алат што се користи во градежништвото (пневматски чекани за камен, бетон, асфалт покривач и тврда земја, електричен рачен алат) мора да биде во форма и тежина погоден за лесно пренесување и ракување и под отежнати услови на работа (тесни и непогодни места, работа мад главата и слично).

9. ТРАНСПОРТ, УТОВАР И ИСТОВАР НА ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ, МАШИНИ И ТЕШКИ ПРЕДМЕТИ

Бидејќи при транспорт доаѓа до најголем број повреди, потребно е прецизно да се планираат и утврдат работните операции и методи на работата пред да се пристапи во акција.

При овие операции потребно е да се имаат во предвид следните работи:

Секое возило при утовар и истовар треба да биде закочено или на друг начин осигурано од од движење (за косини се поставуваат подметки клинови).

Со работите на група работници на претовар мора да раководи одговорно лице или посебно задолжен работник.

Страницата на возилото при истовар истовремено ја отвараат двајца работници и при претходно утврдена положба на теретот на возилото.

По завршен утовар и истовар, возачот е должен да го прегледа сандакот на возилото и да утврди дали теретот е правилно поставен, односно дали целиот терет е растоварен, како и да провери дали е сандакот на возилото осигурен од отварање.

Во сандакот на возилото не смее да се превезуваат работници.

Ракување со терети што се осипаат како што се: земја, песок, чакал, бетон, асфалт и др. треба по можност да се врши со механички средства.

При утовар и истовар на терет со механички средства работниците кои што се наоѓаат во близина мора да се оддалечат, а возачот на моторното возило мора да излезе од кабината на возилото ако тоа не е заштитено. Качувањето на работниците на сандакот на возилото кое е во косина при истовар не е

дозволено, а останатиот материјал на косината од сандакот се влече со долга рачка.

Материјалот што се осипува се полни на камион до висина на страницата на возилото под услов ако е тоа дозволена носивост на возилото.

Работници кои работат на истовар - утовар на вреќи смеат да пренесуваат вреќи до тежина од 50 kg на растојание од 60 m под услов да теренот не е во успон.

Терети на парчиња мораат да се слагаат во возилото во правилен облик со најтесна страница свртена према горе.

Висината на слагање не смее да биде поголема од висината на страницата на сандакот на возилото.

Терети со валчест облик како што се цевки и др., се слагаат во правилен облик во сандакот на возилото, и тоа по должина. Често пати за утовар на овие предмети кои се со поголема тежина, потребно е да се користат водилки и јаже.

Предмети со тежина од преку 30 kg не се дигаат рачно ниту пак се пренесуваат рачно.

Долги терети како што се греди, цевки и друго се товараат и редат во возилото помеѓу столбови кои што се специјално монтирани, а со лежишта на шасијата на возилото. Столбовите помеѓу себе се врзуваат со синџири. Теретот се товари во облик на пирамида така да подолгите предмети бидат подоле, а покусите погоре.

Утовар и истовар на вакви предмети се врши со помош на механизирани средства (дигалки) и тоа дел по дел. Истовар на овие предмети со обрушување е многу опасен. Утовар и истовар на вакви предмети се доверува на група на работници кои се увежбани за оваа работа. Терет подолг од возилото се обележува со црвени знаменца.

Градежни машини кои што се носат на градилиште во возило задолжително се утоваруваат и истоваруваат на водилка со помош на јаже. На места каде се врши утовар - истовар со утоварувач не смее да задржува никој освен возач на моторно возило и сигналист на возач на теретот.

10. РАБОТНИ МЕСТА СО ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Работни места со посебни услови за работа на градилиште се сметаат оние кај кои постои зголемена опасност од повреда или здравствени оштеувања утврдени со “Правилникот за заштита при работа“, при друштвото кое што ги изведува работите.

Сите работници што се назначени на работни места со посебни услови за работа мораат да имаат здравствена потврда која што секој момент можат да ја покажат на надзорниот орган или на “Служба за заштита при работа“.

Непосредниот раководител е должен при распоред на работниците на работни места со посебни услови на работа да ја провери и нивната стручна оспособеност во картон за лична документација во работничката книшка или во други документи, а врз основа на упатството од “Служба за заштита при работа“ или кадровската служба на друштвото.

Ако има работници што не ги исполнуваат наведените барања, истите мора веднаш да се преместат на друго работно место.

11. ЛИЧНИ ЗАШТИТНИ СРЕДСТВА

На работните места каде што работниците се изложени на различни извори на опасност, а не постои можност за спречување со технички мерки за заштита на работниците, мора даим се стават на располагање лични заштитни средства утврдени со “Правилникот за заштита при работа“.

Работници кои повремено доаѓаат на градилиште и припаѓаат на други организациони единици на друштвото, мораат да користат лични средства за заштита при работа предвидени со “Правилникот за заштита при работа“. Ако не ги користат овие средства, раководителот на градилиште е должен да им забрани да работат и да ги оддалечи од градилиштето.

Технички и друг персонал на градилиштето, раководител на градилиште, раководител на објект, непосредни раководители, надзорни органи, работници на пракса, гости и други лица, треба да имаат заштитен шлем и лични заштитни средства по потреба.

12. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДАВАЊЕ НА ПРВА ПОМОШ

На секој објект мора да има оспособено работници за давање на прва помош. Во случај на повреда или болест на работникот му се укажува прва помош и тогаш се пренесува во најблиската здравствена установа.

Материјал и опрема за давање прва помош - на градилиште мора да постои орман за прва помош со сите потребни материјали според прописите.

Орманот треба да биде сместен во канцеларијата на работодавателот кај кого воедно се наоѓа и клучот од орманот. Орманот треба да е бојадисан со бела боја со црвен крст, а на него треба да биде испишано:


Адреса на најблискиот лекар (евентуално телефонски број);

Адреса и телефонски број на најблиска здравствена станица како и имиња на работници оспособени за давање на прва помош.


Покрај орманот за давање на прва помош се поставува соодветна носилка подесена за пренесување на повредените работници.

ОСИГУРУВАЊЕ НА ГРАДИЛИШТЕТО ПРЕМА ОКОЛИНАТА КАКО И НА САМОТО ГРАДИЛИШТЕ

ЗАШТИТНА ОГРАДА НА ИСКОПИТЕ И ОТВОРИТЕ ВО ЗЕМЈА (ДУПКИ)




ОТВОРИ ВО ЗЕМЈА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ОГРАДА




ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОТВОРИ ВО ЗЕМЈА (ДУПКИ)


ПРЕМИН ПРЕКУ РОВОВИ




НАДОЛЖЕН ПРЕСЕК



ОСНОВА




ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК





КОСА ПРОЕКЦИЈА ПРЕМОСТУВАЊЕ НА РОВ


РАЗУПИРАЊЕ НА РОВОВИ СО РЕЗАНА ГРАГА


ЗАШТИТА СО РАЗУПИРАЊЕ НА РОВОВИ














ТИПИЧНО ПОДГРАДУВАЊЕ НА ИСКОП НА РОВОТ ЗА МЕКО И ПЕСКОВИТО ТЛО ИЛИ ЗА ПРЕТХОДНО КОПАНО ОД 75-90см









1. ДАСКИ 6см/6/25
2. ХОРИЗОНТАЛНА ГРЕДА 35/35
3. РАЗУПИРАЧ 20/25 ЗА ШИРИНА 18см.
4. СТОЛБЧЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ РАСТОЈАНИЕ 10/20см
5. ДАСКА(СПОНА) 8/ 20см.


ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БОЧНИТЕ СТРАНИ ВО ШИРОК ОТКОП



А) ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИСКОП СО ДРВЕНА ЗАТЕГА



Б) ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИСКОП СО ЖИЧАНА ЗАТЕГА




В) МЕШОВИТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ


ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БОЧНИ СТРАНИ ВО ШИРОК ОТКОП

А/ БЕЗ ПОДУПИРАЊЕ ЗА $H < 1_м$


Б/ЗА $H > 1_м$ ПОТРЕБНО Е ОБЕЗБЕДУВАЊЕ



1. Б/ОБЕЗБЕДУВАЊЕ $1 < H < 2{,}0_м$




Г) ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БОЧНИТЕ СТРАНИ НА ШИРОК ОТКОП СО РАЗУПИРАЧИ





СКЕЛИ НА НОГАРИ

РАМПИ И КОСИ ПРОЛАЗИ




КОМБИНИРАНА
РАМПА ЗА ПЕШАЦИ
И КОЛИЧКИ







ПОСТАВУВАЊЕ НА ОЧАЦИ И ГРЕЈНИ ТЕЛА ВО БАРАКИ












ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ



ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:1000
	Датум: Август 2023	

Цртеж:


ПРЕГЛЕДНА СИТУАЦИЈА


Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.

Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 01


проектирана атмосферска канализација PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 1
постојечки водовод
проектирана атмосферска канализација PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 1
проектирана атмосферска канализација PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 1
испуст во постечки атмосферски канал PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 1
испуст во постечки атмосферски канал PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 2
проектирана атмосферска канализација PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 2
проектирана атмосферска канализација PE OD/ID 315/271mm SN8 ДЕП 2
Ш1 544.29 542.47
Ш2 542.30 540.48
Ш3 540.07 538.35
Ш4 538.98 537.26
Ш5 537.44 535.72
Ш6 536.41 534.69
Ш7 535.79 534.24
Ш8 535.59 534.12
Ш9 533.47 534.00
533.35 533.93
535.31 533.78
535.37 533.85
535.43 533.95
535.50 534.09
535.73 534.21
0+000.00
0+010
0+020
0+030.00
0+038.09
0+040
0+050
0+060
0+063.46
0+070
0+080
0+084.58
0+090
0+100
0+110
0+114.57
0+120
0+130
0+140
0+144.58
0+150
0+160
0+170
0+174.58
0+180
0+190
0+200
0+204.58
0+210
0+220
0+230
0+234.58
0+234.16
0+240
0+250
0+100.00
0+100
0+089.83
0+090
0+080
0+070
0+065.00
0+060
0+050
0+040
0+030.00
0+020
0+010
0+000.00
сливник
Ра тека
Ра тека
Ра тека



Кота на терен	544.29	542.30	540.07	538.98	537.44	536.41	535.79	535.59	535.47	535.35
Кота на нивелета на цевка	542.47	540.78 / 540.48	538.35	537.56 / 537.26	536.02 / 535.72	534.99 / 534.69	534.54 / 534.24	534.12	534.00	533.93
Кота на дно на ров	542.37	540.68 / 540.38	538.25	537.46 / 537.16	535.92 / 535.62	534.89 / 534.59	534.44 / 534.14	534.02	533.90	533.83
ископ - насип	1.92	1.62 / 1.92	1.82	1.52 / 1.82	1.52 / 1.82	1.52 / 1.82	1.35 / 1.65	1.57	1.57	1.52
тип на цевка и дијаметар	PE OD/ID 315/271mm SN8									
растојание	30.00	33.46	21.12	29.99	30.01	30.00	30.00	30.00	19.58	
Стационажа	0+000.00	0+030.00	0+063.46	0+084.58	0+114.57	0+144.58	0+174.58	0+204.58	0+234.58	0+254.16
Ситуација	Ш1	Ш2	Ш3	163°13'4" Ш4	Ш5	Ш6	Ш7	Ш8	Ш9	
	30.00	33.46	21.12	29.99	30.01	30.00	30.00	30.00	19.58	
		179°4'52"	163°18'26"		179°14'12"	179°54'45"	179°58'20"	179°51'50"	178°38'37"	

ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:100/1000
	Датум: Август 2023	

Цртеж:


НАДОЛЖЕН ПРОФИЛ - ДЕЛ 1

Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.

Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 03



Кота на терен	535.73	535.50	535.43	535.37	535.31
Кота на нивелета на цевка	534.21	534.09	533.95	533.85	533.78
Кота на дно на ров	534.11	533.99	533.85	533.75	533.68
ископ - насип	1.62	1.51	1.58	1.62	1.63
тип на цевка и дијаметар	PE OD/ID 315/271mm SN8				
растојание		30.00	35.00	24.83	17.13
Стационажа	0+000.00	0+030.00	0+065.00	0+089.83	0+106.96
Ситуација	Ш1	Ш2	Ш3	Ш4	
		30.00	35.00	24.83	17.13
		169°50'45"	165°58'27"	179°36'49"	

ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:100/1000
	Датум: Август 2023	

Цртеж:

НАДОЛЖЕН ПРОФИЛ - ДЕЛ 2


Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.

Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 04

Канализациона шахта
M=1:20




НАПОМЕНА :

Елементот "Е1" се изведува на лице место со потребна височина


Прилог бр.04/1

Елемент "Е4" M=1:10



Прилог бр.04/2

Елемент "Е3" M=1:10



Прилог бр.04/3

ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:
Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ
-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:20
	Датум: Август 2023	

Цртеж:
ДЕТАЛ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ШАХТА ОД ПРЕФАБРИКУВАНИ ЕЛЕМЕНТИ ТИП 1000 - ДЕЛ 1


Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.

Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 05

Елемент "Е2" М=1:10





Напомена:

Величината, висината и местоположбата на отворите се изведува во зависност од димензиите на приклучокот

Прилог бр.04/4


Елемент "Е1" М=1:10





Prilog br.04/5

Детал за качувалки М=1:5



ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:20
	Датум: Август 2023	

Цртеж:

ДЕТАЛ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ШАХТА ОД ПРЕФАБРИКУВАНИ ЕЛЕМЕНТИ ТИП 1000 - ДЕЛ 2


Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.

Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 06

Канализациона шахта
М=1:20



НАПОМЕНА :

Елементот "Е1" се изведува на лице место со потребна височина

ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:
Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ
-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:20
	Датум: Август 2023	


Цртеж:
ДЕТАЛ НА КАСКАДНА КАНАЛИЗАЦИОНА ШАХТА ОД ПРЕФАБРИКУВАНИ ЕЛЕМЕНТИ ТИП 1000

Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.


Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 07



ТИПСКИ УЛИЧЕН СЛИВНИК



УЛИЧЕН СЛИВНИК ПРИКЛУЧЕН ВО ПОСТОЕЧКИ АТМОСФЕРСКИ КАНАЛ

ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"Х"	1105/23	1:20
	Датум: Август 2023	

Цртеж:

ДЕТАЛ НА УЛИЧНИ СЛИВНИЦИ

Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.


Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 08

КАРАКТЕРСТИЧНИ ПОПРЕЧЕНИ ПРЕСЕК НА РОВ ПОД АСФАЛТ

М = 1:10



ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3165 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"X"	1105/23	1:10
	Датум: Август 2023	

Цртеж:


- ДЕТАЛ НА РОВ ПОД АСФАЛТ


Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.


Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
X 09







ИЗГОТВУВАЧ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

АСТРЕКС Скопје

ул.Даме Груев 5/3/4
1000 Скопје
тел.+389 2 3224 247
3185 073
astrex.mk@gmail.com

Управител:
Марко Јашмак

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Намена на градба:

Атмосферска канализација на ул.Илинденска во МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА Општина Македонска Каменица

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

-ХИДРО-

Фаза:	Тех.број:	Размер:
"Х"	1105/23	1:50
	Датум: Август 2023	

Цртеж:

ДЕТАЛ НА ПОДГРАДУВАЊЕ НА РОВ

Проектант:
Никола Динушев , д.г.и.

Соработник:
Серафимовска Олга

Ревидент:
-

Лист бр.:
Х 10